СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 јануари 1994 година

Скопје, јануари 1994 година

**70-та СЕДНИЦА - III ПРОДОЛЖЕНИЕ, 27.I.1994год.**

ДНЕВЕН РЕД:

ПРЕДЛОГ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО, ДОМАЌИНСТВАТА, СТАНОВИТЕ И ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 1994 ГОД. (ВТОР ДЕН)

1. АНДОВ СТОЈАН 1
2. АЛИУ ЕШТРЕФ 1, 4
3. АБДИ ФАИК 8
4. АРСОВСКИ БРАНКО 60
5. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР 36
6. Г0ЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР 72
7. ДИМОВСКА ДОСТА 61, 63, 67
8. ЗИБЕРИ НАСЕР 30
9. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН 38, 39, 42
10. МУРТЕЗАНИ АВДИ 42
11. МУРАТИ ЏЕЛАДИН 67
12. МИЦЕВСКИ ВЛАДИМИР 68
13. ПРЕВАЛА ШАБАН 14, 16, 24
14. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ 50
15. СТ0ЈКОВ СТОИЛЕ 62, 65
16. ФАЗЛИУ АГИМ 5
17. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН 26
18. ЏЕМАИЛИ ВЕБИ 58, 62, 64, 67
19. ШАЌИРИ ХИСНИ 11

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 јануари 1994 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 13,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

За збор се јави господинот Ештреф Елиу.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници.

Предлогот за донесуваше на закон за попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства на Република Македонија во 1994 година го сметам за реална потреба и за цивилизациска потреба на новото демократско општество, новите демократски процеси и конкретната состојба создадена со некомплетниот попис извршен во 19 91 година.

Сметам дека концептот на кој е обработена материјата што ја опфаќа овој Предлог-закон не е сосема ослободена од националната обоеност, т.е. неговата основа не е потполно граѓанска. Низ одделни членови провејува духот, т.е. тенденцијата да се соочува позицијата, една држава, еден народ, еден јазик.

Ценам дека рокот на пописот и моментот кога пред нас е актот е доста краток и сметам дека Република Македонија до колку не ги

динамизира активностите не може да стигне до први април, предвиден рок, да го изврши пописот.

Според мои убедувања главниот субјект, носител на подготовките за пописот не е спремен за реален попис во Република Македонија. Тоа може лесно да се насети со формулациите што ги нуди во Предлогот на донесување на законот, напорите што се прават, се друго не македонско да се минимизира до бескрајни граници со решенијата што ги нудат членовите 25, 26, 27 и конкретно членот 35.

Мислам дека ред е законот да не зборува доволно јасно за методологијата за која се определува да ја применува во пописот, за принципите на пристапеноста на граѓаните според националната припадност. Ценам дека би било крајно коректно предлагачот во тоа дури и да не навлегува, но претпоставка за еден реален коректен по- пис би биле сите завршени подготовки, популаризација на потребата за попис, објаснувањата и дообјаснувањата преку средствата за јавно информираше РТВ, весниците, локалните радиа и друго, т.е. создавање атмосфера во која граѓанинот би се осеќал радосен и весел што нов то демократско општество му овозможува начин најлесен, најсовремен, најконкретен, најдемократски, тој во таа атмосфера на целосно задоволство да ги нуди податоците.

Од оваа говорница како по правило се прават обиди некои од дискутантите да се занимаваат со работи кои воопшто не се предмет на расправа. Но, едно е јасно. Се настојува за сите недостатоци се уште да се најде виновникот надвор од сопствените редови. И во оваа прилика доста гласно, доста неодговорно се кажа дека албанскиот политички субјект го бојкотираше пописот. Дозволете да ви кажам дека пописот го бојкотиравте вие, македонски пратеници кои на 17 март 1991 година вон духот на новите уставни решенија кренавте 97 прсти пописниот лист, т.е.

листот на пописот да биде на еден јазик. Многу гордо згазивте на сето тоа што традиционално постоеше од моментот на удираше на темелите на оваа држава, од практиката во сите пописи до 1991 година материјалите за попис да бидат на македонски, албански и турски. Вие што очекувавте друго? Албанците да бидат само орудие за услуги, ние пратениците да бидеме во функција на послушен апарат или на модерни роботи контролирани од неодговорни Македонци, на од- говорните им се извинувам.

Ценам дека ПДП за оние кои се упатени, се обиде и за своја задача стави само едно, пописот да биде успешен и реален и ништо друго. Дали Републичкиот завод за статистика беше спремен или создаде предуслови за еден таков попис? Според наши сознанија тоа беше далеку од можноста пописот да биде реален. Републичкиот завод за статистика не најде за потребно за успешен попис во нови плурални демократски услови да формира органи на реализација на пописот во тој дух. Но, правните органи кои ги избра останаа истите кои ги избра бившиот Извршен совет, т.е. еднопартискиот систем. Се укажа отворено и искрено дека малкумина од тие луѓе од тие состави не уживаат углед, т.е. граѓаните изразуваат јавен сомнеж кон нив. Но, не се направи чекор во тој правец да има исправки.

Сакам да ви свртам внимание на една реалност за која јас лично воопшто не сум задоволен, јас лично воопшто не сум ја посакувал, јас лично сум се трудел тоа никако да не биде присутно меѓу нас. Се работи за следното:

Изгубената доверба меѓу себе многу малку и многу тешко се враќа. Во услови на една изгубена доверба, дозволете тогаш да прашам дали граѓанинот има доверба и да биде во заблуда под претпоставка, ако му оди попишувач кој тој воопшто не го цени, или ако оди попишувач за кој

он има свои лични работи со кого не сака да има работа, или ако оди попишувач кој не го знае јазикот на граѓанинот кој треба да ги внесе податоците. На тој правец би поставил прашање.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ние расправаме за законот а не да поставуваме прашања, бидејќи денот на поставување на пратенички прашања помина.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Прашањата излегуваат од решенијата во членот.

Членот 25 регулира материја на републички инструктори. Прашувам дали подготвувачот на законот обезбедил инструктори соодветно на националната структура на Републиката или дали поседува можности овој услов да го исполни.

Член 26, колку функционери спрема националната структура може надлежниот орган во чии компетенции се статистичките податоци и подготовките на пописот да обезбеди такви функционери, не Македонци.

Член 27, колку општински инструктори спрема нивни сознанија или подготовки се можни да се опфатат за да може да се изгради методологија или еден став на паритетно застапување. Алтернативите дадени во член 35 и во еден друг член заправо кореспондираат, заправо нудат размислување човек да заклучи дека во Заводот за статисти- ка иста психологија на размислување, иста философија се уште е присутна, она што беше пред појавата на плуралниот политички систем во Република Македонија, т.е. размислувањата и решенијата не кореспондираат со тековите и потребата на општеството на Република Македонија за да се демократизира што побрзо демократските процеси, да се продлабочуваат во сите сфери на системот и одговорните лица и функционери да градат философија на иднина на живот и извршување

на работни задачи во правец на права современа граѓанска држава. Затоа да заклучам, иако албанскиот политички субјект изгуби најповеќе со неодзивот на пописот или делумниот одѕив, се остави простор во него да се гаѓа од сите страни и така се постапи, сепак настојува и во овие решенија тие трендови да се одржат. Затоа до колку не успееме со новиот јазик на демократските потреби да се разбереме, до колку не создадеме претпоставки на реален и успешен попис, Албанците не ќе можете понатаму да ги обвините. На тоа не сакам да ви свртам внимание,да бидете сигурни, но ние ќе настојуваме тоа воопшто да не го прифатиме. А ако сме за попис таков каков што треба таа доверба и ја имате и ќе ја имате.

**АГИМ ФАЗЈШУ:**

Дами и господа пратеници, бидејќи законот е во фаза на Предлог на донесување, сакам да укажам на некои мои забелешки, бидејќи се работи за важен закон кој регулира една многу чувствителна и најсложена статистичка операција со голем интерес за државата и сите субјекти во неа.

Добро е што се подготви овој закон, а уште подобро што во неговото подготвување учествуваа и меѓународни експерти. Интерес на сите нас е овој закон да го поддржиме и со тоа да се овозможи во определеното време да се одржи пописот. Знаеме дека за овој попис успешно да се спроведе се многу заинтересирани и меѓународните субјекти, како што е ЌЕБС и Европската Унија, заради јасната слика за националниот состав на Републиката и стопанската положба.

Треба да се направи се пописот да не се политизира, да биде објективен за да можат сите да веруваат во точноста на податоците што е од примарно значење. Пописот мора да остане само статистичка операција, што е заложба на експертите. Не е добро со овој закон да се

поправаат грешките на управните органи бидејќи со тоа ќе го политизираме пописот.

Еве и некои конкретни забелешки:

Добро е законот да биде поконцизен.

Во член 4 првиот став не е точно дефинирано официјално и легално место на живеење. Тука имаат забелешки експертите и бараат наместо официјално и легално место на живеење да стои вообичаено резидентно население што било пракса и во поранешните пописи.

Во истиот член алинеја 6 каде се бара повторно да се по пишуваат и државјаните на Република Македонија кои во времето на пописот се отсутни од Република Македонија повеќе од една година, дадено е без критериуми и тешко како такво барање да се изведе и да се спроведе, бидејќи нашите луѓе постојано патуваат поради разни причини, пред се поради егзестенционални потреби во западноевропските земји за кои не се знае во текот на една година кога одат и кога се враќаат и тешко е нивниот статус, како што е дадено тука, да се попише.

Во член 6 последната алинеја вели: Мора да се постават прашања во врска со националната припадност и вероисповеста, што е и мислење на експертите, но без принудна изјава.

Во член 2 3 јасно да се предвиди за да се создаде клима на доверба, податоците за националната припадност да се агрегираат веднаш на општинско ниво, од страна на општинските пописни комисии и тоа во рок од 10 дена.

Во член 35 алтернативата е неприфатлива и за експертите кои не се согласуваат да се ограничи потребата на неколку јазици само во некои единици на локалната самоуправа. Тие сметаат дека формулари и упатства на неколку јазици треба да бидат на располагање во сите пописни окрузи.

Неприфатливо за мене е и основното решение во член 35 бидејќи албанскиот јазик го става во подредена положба. Би требало во втората алинеја на овој член зборовите "може да", да се бришат а да се^брише и четвртата алинеја како целосно неприфатлива.

Во членот 38, бројот на документите кои се бараат можат да доведат до тоа од објективни околности поради тоа што нашите управни органи не функционираа како што треба, не се во можност да им излезат во пресрет на граѓаните, на нивните барања да им се издаваат документи, пописот да не успее. Мислам дека треба од граѓаните да се бараат само тие документи што се бараа при поранешните пописи, бидејќи со пописот не можеме да ги поправаме слабостите на работењето на управните органи. И мислењето на експертите во врска со ова прашање е јасно. Тие мислат дека оваа одредба е мошне несмасна, не соодветна и потсетуваат дека пописот е статистичка операција и дека не е неопходен да се контролираат сите изјави што ги дава попишаното лице, барајќи соодветна документација.

II/1.- РД/ЉР

**ФАИК АБДИ:**

Јас сакам да се задржам околу точката што е на дневен ред,за предлогот за донесување на закон за попис на населението, домаќинствата, становите, земјоделските стопанства од 1994 година како принуден попис како што вчера слушнавме една работа. Навистина ненормално е да имаме 1991 година попис, и да имаме 1994 година попис, меѓутоа, има една вистина од која што не смееме и не би требало да избегнеме, да кажеме дека овој попис што го имавме не беше целосен, заради тоа што некоја популација избегна да учествува во пописот, тоа се албанската националност, а доста подоцна од тоа да ви кажам дека и јас лично употребува и некој други податоци кои се вонпописниот елаборат, како официјални документи на РМ за состојбата на населението и некои други работи кои што се многу важни за потребата на РМ од повеќе аспекти.

Секој попис е од голема важност за населението, односно за државата за ради развојот на државата од повеќе аспекти, пред се образованието и воспитувањето на една популација, на еден народ, на државата, на граѓаните, културата, врвна, аматерска итн., врвниот спорт, масовниот спорт, учеството во економијата, учеството во политиката, да речам вработеноста и сите други сегменти од општествениот развој. Многу ми е жал и многу ми е криво ако се истакнува дека пописот е дена државна тајна и дека со тоа како да ни е разнишан суверенитетот, државниот суверенитет, односно граѓанскиот суверенитеа и да разговараме за три врсти на работи во пописот, тоа нека биде граѓанскиот суверенитет, граѓанскиот интегритет и граѓанскиот индивидуалитет. Ништо со пописот не се загрозува, меѓутоа, само ќе се добијат едни поточни и埋реални податоци кои што ќе можеме да ги употребуваме во било која прилика и да кроиме планови за работа и

развој како ќе се развиваме како држава и како Република. Од ова место морам да кажам дека синоќа враќајќи се од сеница една група граѓани од Тетово ме чекаа дома, тие од 1972 година се жители на градот Тетово, имаат лични карти итн. и одбиени се за државјанство. Исто ми јавија и од Куманово, ако е тоа факт, мислам дека органите многу грешат и треба да направат соодветни исправки. Ако ние во Законот сме рекле 15 години, тоа е 15 години, не може да биде 25 или 30 години. Ќефот на некој настрана да се тргне.

Има доста работи кои што не можам да си ги објаснам сам на себе си. Јас лично не знаејќи што се пишува во пописот, какви се податоците, мислев дека тој е точен, мислев дека се е во ред, меѓутоа, откога бев повикан и како претставник на партија во Републичкиот завод за статистика на еден состанок и ми беа дадени материјалите видов дека фалат доста работи. Мора да знаеме пред граѓаните на РМ да кажеме дека скоро сите делегати и делегации кои доаѓаат од странство околу Република Македонија за признавање во Обединетите нации и во другите светски институции, покрај се друго се интересираат и за овие работи за кои што ние денеска расправаме. Ние ќе мораме на некој начин таа работа да ја исправиме. Овде пред себе имам едни податоци кои што говорат за населението во РМ и многу ми беше префрлено овде како јас ја употребувам таа бројка од 220 илјади. Можеби не се толку, не сум ги построил па да ги бројам, меѓутоа сигурно ќе биде постројување ќе се избројат и ќе се знае точно колку се. Меѓутоа, сигурно не се 52 илјади иако ги гледаме вака по години на секоја десетта година ако роми имало во одредена година 25 илјади, а за една година тие нараснаа 100% да речеме 1961 година 20 илјади, 1981 година 43 илјади, каков наталитет беше тоа? Тука има многу ненормални работи. Понатаму велиме аматерски театри во Република Македонија, или да речам аматерски културни

друштва во Република Македонија. Јас овде имам еден список, а вие сте пратеници од сите краишта на Република Македонија, па да речеме во РМ постојат 15 културно уметнички друштва на Ромите, КУД Пралипе од Тетово, КУД Тернипе од Гостивар, КУД Нов Живот од Прилеп, од Кратово Англипе, од Кичево Коштатана, да не ги набројувам сите 15 како може да се каже само за едно уметничко друштво Пралипе под Скопје. Значи има многу неисправности, па сигурен сум дека со овој попис што ќе дојде ќе имаме една појасна слика.

Околу бројот на вработените, исто така има доста необичности. Сакам да кажам дека сакам да дадам полна поддршка на ова што треба да се создаде, треба да се погоди само времето на тој критичен момент дали ќе одговара она време кое се предлага со закон и дали ќе бидат сите документи потребни секој да учествувва во пописот од аспект на државјанството. Сигурно има и други примери тоа значи дека службите треба да бидат многу поажурни за да може да се стигне, бидејќи не може да му се одземе правото за гласање на некого, односно правото да биде жител, односно да биде граѓанин, да биде државјанин." Ако има такви нелогични работи, ќе има повторно поплаки, а зошто да има поплаки? Сметам дека нелогично е ако кажеме, иако овде се страхува, ако што вчера беше изнесено дека ние ќе бидеме малцинство а оние ќе бидат во мнозинство. Не е точно. Република Македонија на треба да се плаши од попис, не треба да се плаши од бројноста на своите граѓани, што е тоа е, ние и понатаму живееме заеднички, ова ќе се вика Република Македонија и така останува. Можеби Грција сака да не се вика Република Македонија, меѓутоа, нека ми простат, тие ќе си останат само со своите мисли. Македонија си останува на свое место, со свој суверенитет, и државен и граѓански итн. и ние не треба да се плашиме од такви работи.

II/4.-

Само да додадам уште една работа, јас мислам дека одговорните ќе се однесуваат исправно и законот што треба да се спроведе ќе го сфатат во смисла на тие пописни кругови, попишувачи да бидат правни лица, да не се забораваат, да направат некој грешки бидејќи можеби некоја грешка да се третира како намерна, како нена- мерна од непознавање, меѓутоа, сигурно нека има обраќање, ние ќе помогнеме ќе дадеме соодветен кадар, соодветни луѓе, образован кадар, така да ако грешат, нека грешат тие, меѓутоа тие инструментариуми ќе покажат дека луѓето мора да вршат еден исправен попис и само така ќе можеме да имаме една добра слика на граѓаните на РМ од аспект на националноста, образованието, воспитувањето, културата, просветата, здравството, социјалата, економијата итн., па да правиме понатаму планови како некни што се јавив овде со амандман, вие знаете јас не сум амандманџија, првпат амандман поднесов за една работа, градот Скопје да не се гледаат како Скопје, зашто ние на некој начин зедовме на врат најмалку 70 илјади луѓе и ги поведовме во некој населби надвор од градот Скопје, што не се опфатени овде во пописот и тие живеат во најголема беда, во кал, во мизерија, итн. А и пописот нека каже тие што живеат пред влезот во општините да ни кажат колку се тие фамилии од аспект на становништво од аспект на супстандардни становалишта, или никакви живеалишта, па да знаеме дека во РМ има луѓе кои што живеат во ќумези и како да му помогнеме што живеат во ќумези и дали имаме право и обврска да им помогнеме. Ако немаме средства да бараме меѓународна помош.

**ИСНИ ШАКИРИ:**

Дами и господа пратеници, бидејќи сите политички субјекти во Републиката се определиле за вонреден попис на населението, кое предвиден да се спроведе во месец април оваа година, токму од овие причини не треба да постои дилема за донесувањето на овој закон кој

претставува еден од клучните прашања или фундамент за спроведувањето на пописот. Меѓутоа, ние како пратеници треба да ја имаме предвид една работа. Сите сме сведоци дека како највиновен за неуспехот на пописот од 1991 година е овој Парламент поради непокажвуање на минимален степен на толеранција, ниту разбирање, нити политички слух дека може да се случи тоа што се случи. Го усвои Законот со кој едноставно беа игнорирани барањата и интересите на албанската популација, а потоа непризнавајќи ја грешката тогашната Влада и Парламент направија обиди вината да на префрлат на Албанците, што не беше фер, ниту хумано тоа да се прави.

Според предложениот закон дури на стартот јас имам впечаток дека некој политички фактори и државните органи имаат за цел да го дезавоираат и сегашниот предвиден попис, кој се финансира од страна ана Европската унија.

Поаѓајќи до фактот дека во предложениот текст на Предлогот за донесување на закон не се инкорпорирани најважните одредби што треба да ги содржи соодветниот закон исто така и забелешките изнесени од Експертната група на Европскиот Парламент не се прифатени. Што треба повеќе да се каже за негативните елементи и нерегуларности на Законот. За неправилност на донесувањето на Законот е доволно да се прочита членот 4 и членот 38. Во членот 4 точка 6 од овој член има дискриминаторски однос кон нашите граѓани вработени во странство. Според содржината од овој став на точка 4 овие граѓани се третираат како странци во своите вековни огништа, бидејќи населението по став 1 точка 5-а, 5-6 и точка 6 од членот 4 ќе биде посебно обликувано што значи нашите граѓани според оваа законска одредба да има исти статус

како бегалците, бидејќи точката 5 токму тоа го цитира.

Според ова, може да се каже дека во овој член се прави една невидена неправда со политичка заднина на одреден број граѓани, а ова поготово се однесува на албанското население, бидејќи до нас има повеќе кои се наоѓаат на привремена работа во странство. Со оваа одредба предлагачот на законот намерава да ја избегне фактичката состојба и реалната бројка на целокупното население во РМ.

Со овие непринципиелни настапи и нерегуларност на предлогот за донесување на законот г-одо бидете уверени дека пописот нема да биде успешен. Парадоксот стои и во членот 38, во врска со документацијата што треба да ја побараат попишувачите од граѓаните. Г-до нели знаме сите дека некој документи нашите органи според овој член не можат да ги комплетираат за една година бидејќи МВР не е во состојба за кратко време тоа да го прави. Оттука јас прашувам. Зошто барате нешто што вие како орган, односно Министерство за внатрешни работи нема реална можност да му обезбеди за два милиони жители тоа да го направи за кратко време. Да завршам со следното. Според "критериумите на Законот некои од нашите органи со овој попис сакат да ја сведат бројката на населението на еден милион, бидејќи, боидите тоа да се постигне преку фамозниот закон за државјанство не дадоа плод според пресметувачите во Републиката. Сега истото сакаат да го реализираат преку пописот, оттука, моја констатација е дека некој сака и понатаму еден дел на граѓаните да ги малтретира преку овој закон како штос е случи со фамозниот закон за државјанство, кој предизвика голема нервоза и незадоволство кај албанската популација, бидејќи ние бевме најобесправени.

II/7.-

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателстов, почитувани колеги пратеници, Се наоѓаме пред еден нов договор така да кажам во РМ за успешно изведување на една акција што е од големо значење. Само така јас мислам треба да се сфати. Предлогот за донесување на закон за попис на населението, домаќинствата и становите и земјоделските стопанства. Што поуспешен биде тој договор, резултатите ќе бидат по објективни и поцелосни. Не е време да се осврниме на она што беше во 1991 година. Тоа се случи и резултатите се такви какви што ги знаеме. Меѓутоа, шанса е пред нас нешто да исправиме во тој поглед со донесување пред се, на еден посолиден закон, кој ќе има за резултат целосни, објективни и би рекол до крај точни резултати, за што во спротивно ќе се сфати дека она што често се зборува во статистиката како наука дека статистиката е збир на неточни податоци. Тоа мислам дека не би смееле да го дозволиме поради некомпромитирање на науката за статистика, а и заради целта што си ја поставивме пред себе конечно да направиме еден што е можно поуспешен попис од кој пак многу нешта зависат. Јас мислам овој попис е и своја видна корекција на нешто што се случи" во 1991 година. Дотолку е поголема одговорноста за носење на што е можно подобар закон и за што е можно подоследно спроведување на законот во практиката, на теренот.

Предлогот за донесување на овој закон беше предмет на опстојна и конструктивна расправа на сите комисии, па и во Комисијата за економска политика и развој. Тој како таков беше поддржан со напомена Собранието по него да расправа и што е можно побрзо да мине оваа фака и да дојде конечната фаза, значи да дојде Предлогот закон, истиот да го донесеме што побрзо, за да навистина ако е можно пописот да отпочне на 1 април и да заврши на 15 април годинава.  Со цел на таа

активност, на таа мошне важна акција да се надоврзат и другите активности мошне релевантни за нормалното добивање на работите во нашата Република. Се разбира дека и во оваа фаза на овој закон кој претендира да биде сериозен обид за да се нуди еден модел колку е можно поцелосен, посеопфатен и подециден може да му се упатат и забелешки, сугестии итн., тоа е направено и во Комисијата за економска политика и развој што се сублимирани и во последниот извештај на оваа комисија кој се надевам дека имавте прилика да го прочитате.

III/1.- JJ/OM

**ШАБАН ПРЕВАЛА:** (Продолжение)

Сигурно дека тие ќе бидат добредојдени и за институцијата што после оваа расправа што ќе се одвива овде што треба да изготви Предлог на закон. Ако се тие погодени, Комисијата за економска политика и развој ќе смета дека ја постигнала целта.

Сепак кога сум тука пред да одам на она што сакав да укажам по овој повод и оваа прилика, во извештајот на оваа Комисија се испуштени мали грешки и тоа на ставот 2 во извештајот каде што веднаш во вториот ред, наместо "освен предвидените", ние велиме да стои "во рамките на предвидените" и веднаш во претпоследниот ред по зборот "средства" буквата "и" се брише и да стои " како позајмица од буџетот на Република Македонија" со цел, овој пасос овој став да ја изрази суштината што се сакаше да се каже на седница та на Комисијата.

Јас мислам дека за значењето на пописот не треба многу опширно да се зборува, за него, свој збор дала и науката и практиката. Најочигледно значењето на овој попис што треба да го извршиме во 1994 година, нај илустративно зборува и членот 2 од Предлогот за донесување на законот каде што децидно се вели "агрегираните податоци добиени од информациите, податоците собрани во пописот ќе се користат за национални планирања, научни истражувања и статистички цели" за да веднаш потоа се додаде "овие податоци се користат и за ажурирање на единствениот регистер за просторните единици". Како што гледате значењето е огромно. Оттука и одговорноста во расправата и во подготвувањето во конечниот текст на законот.

III/2.-

Во оваа прилика мислам дека треба да се потсети на фактот дека во Република Македонија се извршени скоро со овој попис ќе бидат 7 пописи на населението во 1948 година, 1953,1961,1971,1981, 1991 година; Паѓа во очи за сите нас дека не се имало некои утврдени ритми во извршувањето на пописот на населението што е вообичаено во светот секоја десетта година. Јас би рекол дека тоа не се случајни поконкретно не е случаен и овој попис што треба да го извршиме во 1994 година. Ние исто така сме имале попис и во 1948 година и веднаш после 5 години 1953 година. Јас мислам дека на сите нас ни е познато зошто е извршен тој попис после 5 години. Заради тоа што почнуваше еден нов период, периодот на самоуправувањето, напуштање на централно - планскиот систем, а се случија и други промени и затоа се сакаше да се сними една состојба со која се влегува во новиот систем. Јас мислам токму заради тоа и причината заради нов попис во 1994 година, па нека биде тоа и вонреден попис, исто така е голема, зашто ние веќе сега за прв пат како самостојна и суверена Република Македонија сакаме еднаш за секогаш да ги осознаеме вистинските состојби во нашата Република како и односите со цел во наредниот период особено ако се има предвид фактот дека треба да утврдиме стратегии на развојот, ние треба да знаеме со каков човечки и друг фактор располагаме, со цел тоа планирање да биде што е можно пореално. Оттука значи податоците од пописот мора да бидат што е можно пореални и навистина да ни користат во намената што сме си ја поставиле и во другите поли- тики, пред се политиката на нашиот општ и регионален развој.

Јас мислам кога станува збор за овој обид сериозен би рекол направен од Заводот аз статистика треба да се каже дека е тоа и една можност некој дилеми што беа и некој критики и сл., на состојбите и по

пописот од 1991 година, па дури и пред тоа, мислам еднаш за секогаш да им ставиме крај. Јас мислам дека токму поради тоа расправа та за овој закон треба да се одвива во рамките она што е текст на закон, зашто навистина тој закон и тој концепт има цел токму тоа, колку е можно повеќе да внесе елементи за да не се соочиме со проблеми што на жалост ги оптоваруваат нашите односи непотребно, особено кога веќе сме декларирани за граѓанска држава, демократска и социјална држава. И со самиот тој факт што сме членка на 00 и сме декларирани за една таква модерна држава, не ни дава за право сега да се натпреваруваме кој е кој и што е што во нашата држава. Токму заради тоа да бидеме докрај цивилизирани како граѓани, како граѓани на една суверена држава, современа држава членка на ООН и така да се однесуваме и во третирањето на овој мошне важен законски контекст што од друга страна да ни овозможи успешно извршуваше на една значајна акција, а тоа значи осознавање колку сме, какви сме, какви потенцијали имаме со кој влегуваме сега при крајот од овој век во 21 век.

Мора да се каже дека и во оваа фаза што е и нормално зашто станува збор за Предлог за донесување на закон на концептот може да му се упатат и одредени забелешки, а тие од нас, пратениците од коалицијата, што често опозицијата има обичаи да не нарече , не се прават со цел да се минира нешто сопствено, туку напротив на Владата и на таа коалиција да им се помогне и на крајот на краиштата таа да понуди еден концепт на закон, без лимитиран концепт на закон, што на крајот на краиштата ќе биде од корист и за опозицијата и за позицијата. Што значи намерата е благородна, а никако да се судриме внатре.

Меѓутоа, внатре, разлики постојат што е нормално во позицијата зошто станува збор за победи и сфаќања од одреден проблем. А пописот не е едноставна работа не е едноставна акција . Тој заслужува внимание од сите особено од оние што на некој начин ја носат власта во државата.

Оттука јас мисла дека во оваа фаза, јас би рекол, ќе треба предлагачот да води сметка во врска со допрецизирањето на некои делови од текстови на некои одредби што се однесуваат конкретно на член 4. Јас не би сакал да ве замарам многу со членови само би укажал на битните работи иако тие на некој начин се содржани во самиот извештај на Комисијата, али со вел да ви го привлечам вниманието и на некој начин да ве мобилизирам и вас во расправата за одделни пунктови содржани во законот, сакам нив да ги доосветлам.

Конкретно да кажеме во членот 4 каде станува збор за појмот "вкупно население, ние мора да се одредиме што треба да значи вкуп- но население во РМ. Дали само да речам , еве условно резидентното население, тоа што живее во моментот тука за време на пописот или ќе се опфатат и нашите државјани што поради една или друга причина се наоѓаат надвор од границите на РМ. Тоа с е граѓани државјани на Република Македонија кои го задржале државјанството, дали не ќе треба и тие да ги имаме предвид и така вкупното население на Република Македонија биде резиденцното население она кое на денот на пописот е тука живее и работи и она кое поради објективни причини се наоѓа на тој ден надвор од Република Македонија, а кое што пак го има државјанството на Република Македонија. Па оттука моето размислување е во претпоследниот став на овој член каде што стои вкуп- но население на РМ вика ќе се смета населението попишано според став 1 точките 1,2,3 и 4, јас додавам и точка 6. При тоа дозволувам бегалци од

други републики да се попишат одделно и како таков тој дел од пописот да се објави одделно. Но при тоа, да се иземе точката 6 од последниот став на овој член за да се одговори за она што јас се залагав за поимот вкупно население.

Во врска со членот 6. Овој член се занимава со белезите на населението. Меѓу другите тука заслужуваат внимание белезите: национална припадност, мајчин јазик и вероисповед. Јас би рекол нешто во врска со мајчиниот јазик. Оваа формулација што е овде дадена тоа е доста конфузна. За мене мајчин јазик е да се стави во заграда само јазикот што вообичаено се зборува во домот на лицето за време на неговото најрано детство. Би рекол тука тоа да заврши во врска со текстот за мајчиниот јазик. Понатаму да се иземат и да се бришат зборовите што се однесуваат на вообичаен јазик и т.н., зашто тоа ќе создаде забуна. Ако имаме пак намера да испитаме дека нашето население покрај мајчиниот јазик зборува и некој друг јазик, тоа да си го кажеме како посебен белег, а не да го помешаме со белегот мајчин јазик, зашто тоа ќе создаде забуна за време на пописот. Јас морам да ви кажам и затоа се залагам за едно такво прецизираше.

Понатаму,овде мислам, нормално се изнесени белезите на националната припадност и вероисповед, зашто на крај на краиштата ние сакаме да ја испитаме структурата на населението на РМ во поглед на националната припадност и конфесионалната. На крај на краиштата тоа се и значајни белези заради кои се врши пописот, односно се обновува пописот. Оттука кај мене излегува малку како парадоксално, на крајот последниот став во овој член да стои, за прашањето за национална припадност и вероисповед, лицето што се попишува дека не е должно да се изјаснува. Тоа за мене значи јас тебе те попишувам, а не мора да кажеш дека си македонец, албанец итн., али јас те попишувам. Значи можеш али не мораш. Со таквото однапред укажување на оној

предмет на попис, граѓанинот јас мислам дека дава шанси, дава можност да се дезавуира целта на пописот, а нашата цел со пописот, би рекол и со оваа корекција , со овој поправен испит е токму тоа еднаш за секогаш да знаеме во Република Македонија што народ живее и каква структура има тој народ. Ако од една страна велиме тоа го бараме, а од друга страна дека не мора тоа, јас мислам дека тоа не е во ред. Јас тука можеби би направил само една мала толеранција да не те казни лицето што не се произнесува во поглед на националната и конфесионалната припадност, односно да може во тој поглед да се направи некаков исклучок, али не и да стои овде во членот 6. Значи предлагам бришење на таквиот став заради причините што ги наведов.

Сега одам на членот 30. Овој член јас мислам дека е доста конфузен. Јас на тоа укажав и во расправата што беше на седницата на Комисијата конкретно во ставот 2 вели "во пописниот круг во кој според пописот од 1991 година соодветна националност учествува со над 50% од вкупното население, се именува и попишувач од таа националност". Јас мислам ако мора да остане оваа формулација, треба да стои дека се именуваат попишувачи од оваа националност, но со додавање на текст што би гласел вака: "согласно со националната структура искажана со пописот во 1981 година. Зошто велам 1981 година? Заради тоа што пописот од 1991 година беше нереален и за вкупното население па и за населението гледано по структура. Во 1981 година колку толку имавме еден верифициран податок на кој што можеме да се базираме.

Истата забелешка на некој начин се однесува и на ставот 3 од овој член каде што јас се залагам наместо процентот "20%" да стои "10%" од вкупното население и понатаму веднаш после зборот "националност" да се додаде истиот текст што јас го предложив за ставот 2 на тоа да биде

во согласност со националната структура според пописот на населението од 1981 година.

Јас исто така како и претходните говорници се согласувам да остане основното решение што е предвидено во член 35 од проста причина што е тоа по флексибилно и дава поголема широчина, а членот односно алтернативата на овој член, јас мислам дека е ограничувачка и од друга страна таа алтернатива е условена и со донесувањето на Законот за локалната самоуправа, чија што судбина не ја знаеме. Бидејќи сме заинтересирани пописот да почне и да заврши навреме, а заради тоа мислам дека не би требало да се врзува со овој закон. Тука не ја прифаќам алтернативата на член 35.

Членот 38 со право предизвикува внимание кај сите нас. Особено поради оној факт што тука беше мошне пластично мошне убедително беше изнесен од моите претходни колеги што ние тие податоци ги бараме во услови кога не сме спремни , не сме подготвени. Службите на Министерството за внатрешни работи досега не успеале докрај да извршат некои работи што неминовно се наметнуваат како потреба на граѓаните. На жалост со тој проблем ние се соочуваме и денеска. Па оттука моето залагање е Заводот за статистика да стапи во контакт со службите на Министерството за внатрешни работи, за некои одпочнати работи сврзани со правата за остварување на документите на граѓаните, тие да бидат што е можно побрзо завршени и на 1 април, граѓаните да можат да се легитимираат пред попишувачите, пред оние што ќе ја извршат оваа мошне важна акција.

Јас размислувам, со оглед на искуството на другите држави и искуството кај нас, дали треба да биде ова презентирање на документи како обврска или пак да се даде како можност особено таму каде што

попишувачите ги познаваат луѓето што ги попишуваат. Но во секој случај, ако остане ова како обврска тогаш морам да речам дека мора да се направи нешто повеќе од страна на Министерството за внатрешни работи, работите да ги заврши особено што ние доста средства даваме за ова Министерство за опремување и т.н., а од друга страна работите каснат. Јас мислам дека треба конечно да се опремат со компјутери и сл. за да не чека граѓанинот со саати и денови пред шалтерите и да се малтретира. Сакав да кажам дека и лично имав тешки проблеми додека дојдов до уверение за државјанство. среќа што нас како пратеници не познаваат па ни излегуваат во пресрет. Јас не се радувам на тоа. Треба и на обичниот граѓанин да му се излезе во пресрет и тој да биде задоволен од навременото извршување на услугата од страна на службите на Министерството за внатрешни работи.

Во членот 40 јас би додал исто така во продолжение да стои "во согласност со податоците од пописот 1981 година" од проста причина што не можеме да се ослониме на податоците од 1991 година.

Кај користењето чувањето и заштитата на податоците од пописот тука јас морам да укажам на една дилема. Јас почитувам да кажеме тајност на податоците на граѓаните и сл. зашто тоа е согласно и со меѓународните обврски , околу податоците што ќе се опфатат со образец еден, а кој пак треба Да ги содржи белезите врзани со личноста на граѓанинот. Податоците содржани во нашите лични карти, датум на раѓање, место на раѓање, место на живеење, податоци што се содржани и во нашите лични карти и кои секој ден ги презентираме, не ги криеме

**ШАБАН ПРЕВАЛА: (**продолжение)

Размислувам да создадеме можност со одредбите на член 42 овие податоци да можат да се остават на граѓанинот што се попишува. Значи примерокот од тоа П-1 да се остави, зошто да се плашиме однапред дека ете, видете, ќе излезе една тајна, па нека биде тоа и државна. Јас мислам само ќе ја потврдиме демократичноста, зошто ние сме определени. Како што на некој начин, со самиот факт што се обврзавме да извршиме нов попис, покажавме дека сме навистина демократска држава достојa да биде членка на 00Н.

Да ве потсетам,копие од пописот за личните податоци дозволи еден тоталитарен режим на Милошевиќ и ништо од тоа не се направи проблем. Зошто ние да не дозволиме таква можност. Јас мислам треба да се размислува, не инсистирам, но треба да се размислува и заради објективноста на пописот, а од друга страна и да не му дадеме право некому во тој поглед да шпекулира и манипулира.

Заради тоа во членот 43 јас предлагам да стои кај првиот став, наместо "Образец од пописот", би сакал да се додаде "освен за образец П-1" мора да се наведе дека личните податоци за граѓаните и податоците за домаќинствата се тајни податоци заштитени со закон. Во таа смисла една корекција.

Се согласувам со алтернативата на член 46, како што се согласувам и со алтернативата на член 47, став 1, алинеја 5. Мислам дека се тие значајни за пописот да биде пореален.

Во оваа можност да кажам уште збор - два дека имам забелешки и во врска со насловот на законот. Мислам дека овој Закон треба да гласи "Закон за попис на населението, домаќинството, станови и индивидуалните земјоделски стопанства". Така како што е кажано

"земјоделски стопанства" е поширок поим, ги опфаќа и оние што ги нарекуваме општествени земјоделски стопанства. Бидејќи се мисли на итн., "газдинства" на српско-хрватски јазик, јас мислам дека за нашите услови е најдобро да се каже, "индивидуалните земјоделски стопанства" или може и "газдинства", доколку македонскиот јазик го толерира тој израз, со цел навистина да знаеме што бараме.

Конечно(/ не знам дали во текстот треба да се манипулира со Институција за вршење на попис итн. Ние имаме Републички завод за статистика. Вистина дека таа терминологија не се вклопува со терминологијата на запад, каде има институт инт., меѓутоа, бидејќи е тоа реалност, зошто во текстот да манипулираме со еден условен наслов на институција. Мислам дека бидејќи оваа акција ја спроведува Републички завод за статистика, ние треба да бидеме доследни и во Предлогот на законот да стои така како што фактички гласи називот на институцијата, задолжена за оваа проблематика.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Сејфедин Харуни.

IV/3

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, Што се однесува до Предлогот за донесување на закон за попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во 1994 година, сакам да кажам свое мислење и некои забелешки.

Донесувањето на овој закон и така доцни бидејќи знаеме кога треба да се почне со пописот. Потребно е да вложиме сите максимални напори овој закон што е на дневен ред да се донесе , а за тоа секако сите треба да се залагаме'. Со тоа ќе допринесеме многу, тоа е мој впечаток/ Морам да потенцирам и потешкотијата што граѓаните од албанската, турската и муслиманската припадност во некои делови на нашата Република ја осеќаат околу обезбедувањето на потребната документација за овој попис што ни претстои.

Населението три грото од Западниот дел на Македонија, како што знаеме е печалбарски крај, луѓето имаат дуќани низ цела бивша Југославија каде поседуваа не само имот туку имаа и стално место на живеење. Со пропаѓање на Југославија и со војната што се води на тие простори многумина од тие граѓани се вратија во своите родни места. Тие граѓани се родени во Македонија и како такви дел од нив останаа со необезбедена документација и како такви денеска, поради тоа што се уште не се снабдени со потребна документација не се сметаат ничии граѓани. Тие граѓани родени во Македонија не можат да се снабдат со потребната документација која е предвидена според член 38 од Предлог-законот за попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства.

Многумина од тие граѓани повеќе месеци па и со години чекаат за таа документација и никако не можат дел од нив да се стекнат со неа. Одговор на ова значајно прашање не може да се добие ни во долгите и

уморните шалтерски редици при подрачните единици на МВР, особено во Тетово, Гостивар, а ист е случајот Скопје, Кичево Струга, Куманово и во други градови на Македонија.

Нам ни е познато што се сака да се постигне со тоа и баш не и на нечесната намера на поединци. Изнудените бројки од поедини политичари на Македонија - бројката на Албанците, Турците и Муслиманите во Република Македонија да се потврдат оние бројки што тие често пати низ ТВ емисиите, дневните листови и при делегации надвор и внатре ја пласираат, ја нудат. Сака сигурно да се постигне процентот од 21,7% на Албанци, не само да се потврди туку и да се изнуди^дури и поголем број од тоа, официјалното.

Јас лично сум против сите емотивни набои како последица на минатото, каде што често пати се дизинформирало, односно како што ни било познато, информациите беа достапни само на дел поверливи ниски граѓани што остава простор за недоверба во институциите и недоверба во системот. Тие инструменти на поранешниот систем во своите архиви чува податоци за целото население во Република Македонија и по политички потреби пласира податоци и бројки од интерес на владејачката политика.

Заводот за статистика на Република Македонија со статистички методи очекуваше Македонија да има над 2.300.000 жители. Но тој број не се потврди во официјалниот попис од 1991 година. Албанците како што знаеме го бојкотираа пописот во 1991 година од оправдани причини, додека останатото население излезе на попис и тој број на населението изнесуваше 1.601.806 жители.

сл

Се наметнува прашањето бројката од 423. 160 жители, односно 21,7%^како излезе од страна на Заводот за статистика на Република Македонија кога албанското население оправдано го бојкотираше и не излезе на попис. Одговорот б .бил сличен. И кога би излегле на попис ние Албанците сме само 21,7% од вкупното население на Република Македонија и кога не би излегле на попис ние сме само толку,по таа изнудена логика. Таа остава простор секој граѓанин да се сомнева зошто статистичкиот завод на Македонија три пати даде различни податоци. Јас од таквите претпоставки избегнувам и сигурен сум дека најмалку можат да и придонесат за решавање на овој итекаков проблем. Лично сум да се знае точно онаа бројка која вистинска е. Населението на Република Македонија треба да се регистрира и тоа без мешање ни на политика ни на некои си духови треба да излезе на попис и да се знае точниот број и со тоа некому кнема да му се овозможи бројките да ги прикаже како ќе му треба во дадени моменти и колку ќе му треба во дадени ситуации. Тоа се однесува за сите подеднакво. И Албанците да не се удираат во гради дека се милион и двеста и ли триста и Македонците да не ги нудат тие бројки што навистина и не се.

Што се однесува до Предлогот за донесување на закон за попис на населението, домаќинствата, стопанствата и земјоделските стопанства во 1994 година, за мене е прифатлив со следните забелешки

1. Временскиот интервал за спроведување на пописот по член од овој закон е прерано

IV/6

Ова го образлагам со тоа што во делови на бивша Југославија имаме војна, како што на сите ни е познато. Тие граѓани кои поседуваат дуќани и беа стални жители во тие Републики, а родени во Македонија се вратија во родното ме^сто и ден денес не се обезбедени со потребната документација како што се: лична карта и местото на живееше, што е услов во член 4 став 1 од овој Предлог на закон.

2. Во член 6 се јавуваат исти проблеми. Повратниците кои чекаат реверификација на местото на живеење не можат да ги регистрираат своите новороденчиња и нормално не ги исполнуваат условите по член 6. Вакви и слични случаеви во Тетово, Гостивар, Кичево, Скопје, Куманово има полно.

3. Во член 16 став 1 се регулира начинот на пописот парцијално само за оние граѓани што се легално пријавени како работници во странство. Стопанските прилики како што ги имаме во Македонија принудија голем број на граѓани да работат илегално. Во овој попис и со овие прописи што се предвидени истите не ќе бидат опфатени во вкупниот број на нашето население.

4. Член 18 став 3 се менува и гласи: "Содржината на обрасците од став 2 на овој член ја пропишува трочлената комисија со која раководи функционер од Републичката организација надлежна за работите од областа на статистиката".

5. Член 30 став 2 се менува и гласи: "Во пописниот круг во кој според пописот во 1991 година соодветна националност учествува со над 50% од вкупното население се именува попишувач и претседател на Општинската комисија од таа националност".

6. Меѓународната Експертска група ќе придонесе во колку нивните забелешки бидат опфатени во Нацрт - текстот на овој закон.

7. Членот 38 кој ја регулира потребата за веродостојноста на податоците како што се лична карта издадена од 1 април 1993 година, па до 1 април 1994 година, граѓаните од наведените подрачја тешко е да се снабдат со потребната документација. Во колку на ова сериозно прашање МВР не превземе некои чекори да населението не се малтретира со денови, месеци и години за да се обезбедат со потребната документација, голем број граѓани родени во Република Македонија ќе останат надвор од пописните дефтери со што не ќе ја имаме вистинската бројка на жителите и граѓаните на Република Македонија. Тоа ќе биде дар за сите оние што со бројките сакаат и да манипулираат. Во колку овој број што мислиме дека е многу голем, не се обезбедуваат со потребната документација може да ни се случи пак истото и граѓаните да се самоорганизираат и на крај да не излезат на попис на населението.

Ако ова последното ни се случи, вината не треба да се префрлува ниту на поединци како што имаме обичај, секогаш да биде виновен друг, ниту на политички партии, туку тој неуспех треба да го сноси званичната власт и политиката, што не овозможила граѓаните да бидат обезбедени со потребната документација.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа и покрај тоа што доста колеги овде изнесоа свои видувања и забелешки по однос на текстот на законот и проблематиката што е како точка на дневниот ред , сепак и јас сакам на некои работи да се осврнам.

IV/8

Како резултат на со години створената недоверба кај граѓаните околу статистичките податоци за бројот на населението во Република Македонија и несоодветно поставените правила за вршење на пописот во 1991 година, дојде до масовно неучество на граѓаните во последниот попис.

Имајќи го во предвид овој факт и тоа што пописот претставува кондицио синекуанон за планирање на развојот на стопанството и воопшто на државата беше неминовно да се пристапи кон повторен обид за попис на населението , домаќинствата, становите и земјоделските стопанства. Со тоа конечно ќе се надмине вакумот создаден 1991 година, до денеска. Меѓутоа, за точниот број на населението ќе се знае и ќе се избегне можноста за манипулација со бројката околу националната структура на Република Македонија.

И покрај тоа ,за жал досегашните припреми за извршување на оваа значајна задача не даваат доволно гаранции дека:

1. Ќе се елиминира присутната недоверба кај граѓаните
2. Ќе се спроведе пописот на време и согласно одредбите на Законот кој се предлага од причини што истиот е неправедлив..

Кога го велам ова ги имам во предвид следните состојби:

Во Заводот за статистика националната структура на вработените е крајно неповолна, а ништо подобро не е ни во општинските заводи за статистика. Па оттука и произлегува недовербата околу точноста на изработените податоци за бројот на населението итн.

При извршувањето на пописот според одредбите на Нацрт- законот се бара документација што ја нема апсолутното мнозинство на граѓаните, а според досегашната практика на издавањето на истите од страна на органите на МВР, кога за едно уверение за државјанство се чека 6-8 месеци па и една година, тогаш е јасно дека успехот на пописот априори е оневозможено.

Затоа како претходни подготовки треба да се извршат следните работи:

1. Да се измени и подобри структурата на вработените во Републичкиот завод за статистика и општинските заводи.

2. Да се ажурира постапката за издавање на документацијата потребна за попис на население/

3. Во секое семејство да се обезбеди по еден примерок од "прашалникот" односно, од таканаречениот образец П-1.

Да се одложи датумот и времето предвидено за попис.

Што се однесува до содржината на Законот моја прва или недоволно се инкорпорирани начелна забелешка е тоа што во текстот не се инкорпорирани/предлозите и сугестиите на Експертската група на Европскиот совет.

Тој факт сам по себе зборува за тоа да предлагачот не ги прифаќа меѓународните стандарди познати по однос на ова прашање. односно извршување на пописот на населението.

Второ, позицијата на меѓународните посматрачи, а особено на Експертската група на Комитетот на министрите на Советот на Европа, според одредбите на Нацрт-законот е крајно маргинализирана па и исклучена од постапката при обработката и контролата на добиените податоци.

Што се однесува до конкретните забелешки по текстот во член 4 точка 3, се предлага во пописот да се опфаќаат лицата кои имаат легално место на живеење во Република Македонија, а во времето на пописот, но најдолго до една година пред неговото спроведување, се наоѓаат на привремена работа во странство, како и членовите на нивните домаќинства. Суштината на оваа одредба е во следното: сите граѓани на Република Македонија кои подолго од една година од времето на одржувањето на пописот што се наоѓаат на привремена работа во странство нема да се попишуваат, односно ќе се попишуваат согласно

IV/10

точка 7 од истиот член, а тоа значи тие ќе претставуваат посебна категорија на граѓани на Република Македонија. Ваквиот начин на попишување на граѓаните кои времено се на работа во странство е погрешен, па би рекол и со штетни последици. Ако се има во предвид фактот колкав е бројот на семејствата и граѓаните на Република Македонија на привремена работа во странство, а сега веќе и во бившите ЈУ републики, тогаш е оправдано стравувањето и сомневањето дури и недовербата во исправноста на одредбите на законот и на прибавените податоци од пописот. Сметам дека не може да се воведе ваква одредба зошто во тој случај недовербата кај граѓаните ќе се продлабочи, а штетите по успехот на пописот ќе бидат видливи..,

Исто така сметам дека во овој член треба да се надмине манипулирањето со две или три категории околу прашањето на легален престо на граѓаните и т.н. во смила на укажувањето на господинот Шабан Превала што впрочем е и сугестија на експертската група.

Во член 19 после првата алинеја да се додаде нова која гласи: "Меѓународната Експертска група".

Во член 23 не е прифатена сугестијата на Експертската група за обработка на податоците за националната припадност и од ова за мене е голем прашалник и зошто прифатено и што може да стои страна на општинските пописни комисии/ зад тоа. Експертите се јасни и предлагаат: "Во рок од определено време по завршувањето на попишувањето до државната организација надлежна за работите од областа на статистиката, општинската пописна комисија ги доставува резултатите во врска со попишувањето »а населението во општината, класификувани според националната припадност."

И по однос на јазикот експертите се децидни и тука нема алтернатива. Тие сметаат дека формулари и упатства на неколку јазици треба да бидат дистрибуирани односно на располагање во сите пописни окрузи.

Членот 38 според мене е бисер над бисерите. Јас верувајте ми немам коментар на истиот затоа што не можам да најдам зборови како тоа да го кометирам, но го прочитам коментарот на Експертската група кој вели, цитирам:

"Оваа одредба е мошне несмасна и несоодветна". завршен цитат.

Експертите потсетуваат дека пописот е статистичка операција и дека не треба да биде неопходно да се контролираат сите изјави што ги дава попишуваното лице барајќи соодветна документација Кога на ова ќе се додаде фактот дека се наоѓаме во фаза на трансформација по усвојувањето на Законот за државјанство, патни исправи и други прописи и согласно тоа потребно е нова документација, а од друга страна органите на МВР не се во состојба ни кадровски ни технички ни во било која друга смисла да ги удоволат барањата на граѓаните и без предвидениот попис, тогаш е јасно каков попис можеме да имаме согласно членот 38 и документацијата која се предвидува односно обезбедува од страна на граѓаните.

Да не бидеме во заблуда. Никакво ажурирање и ниедно министерство за внатрешни работи со ваква екипираност, стручност и техничка опременост не може да ја изврши оваа огромна и обемна работа за толку кратко време како што се предвидува. Затоа, е неминовно измена на овој член од законот и негово усогласување со сугестиите на Експертската група. Дека времето е кратко укажува и фактот што законот е во фаза на нацрт, тек треба да доаѓа како предлог и истиот да се усвои за да може тек тогаш конкретно да се работи на изготвување на формулари и друга опременост,и чзогласно одредбите на тој закон граѓаните да се упатуваат до органите за внатрешни работи за прибавуваше на истата документација која согласно законот ќе биде потребна.

сл

Членот 44 исто така сметам дека треба да биде прилагоден со Предлогот на експертската група.

Во член 48 ставот 2 рокот од 90 дена треба да се скрати на 30, за да можат да се избегнат можните шпекулации околу податоците од пописот.

Во членот 54 третата алинеја сметам дека треба да се брише, оти нема место.

Членот 56 да се усогласи со времето од усвојувањето на Законот и одржувањето на пописот оти очигледно дека овие рокови не можеме да ги фатиме односно не се доволни за сите овие работи.

V/1/CJ/лј

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувани пратеници, сметам дека пред нас доста јасно имаме предлог за донесување на закон за пописот на населението и домаќинствата, становите и земјоделските стопанства, па оттука и пратеничката група на Либералната партија го поддржува предлогот за донесување на законот за пописот на населението, домаќинствата, становите земјоделските стопанства. Сметаме дека во општиот претрес за потребата од донесувањето на законот да ги истакнеме и одредени прашања што сега се поставуваат во делот на првата фаза од донесувањето на законот.

Иако пописот редовно треба да се одржува досега на 10 години, сметаме дека има потреба од одржување на овој вонреден попис и тоа пред се, заради идентификација на граѓаните, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства по стекнување на РМ како самостојна и суверена држава, пред се со учество на сите граѓани на РМ, заради тоа што одред број на граѓани на РМ не излегоа на пописот што се одржа во 1991 година како редовен попис. Оваа идентификација ќе се направи и нема да се остави простор за манипулација во отсуство на конкретни податоци кои што често се во средствата за јавно информирање, па и по други прашања ги користеа како такви. Пописот ќе се реализира врз основа на законски утврдените документи, пред се со донесување на Законот за државјанство на граѓаните на РМ што во пописот за 1991 година не беше случај. На пописот сигурно поорганизирано ќе можат да учествуваат и меѓународните странски посматрачи кои што ќе го следат извршувањето на пописот и ќе отпаднат сите забелешки во поглед на техниката на изведувањето на пописот.

Исто така пописот ќе се одржи и непосредно пред новите втори по ред повеќе партиски избори и сите приговори што беа во сферата на идентификацијата на бирачите сметаме дека после овој попис исто така ќе отпаднат бидејќи ќе се изврши идентификација на граѓаните кои што

ќе имаат право на глас. Од пописот исто така не треба да се извлекуваат политички коментации освен тој да се одржи во склад со Уставот и законот кој што ќе биде донесен сигурно со изготвувањето на Предлогот на законот.

Пратеничката група на Либерална партија смета дека по сумирањето на забелешките од оваа расправа што поскоро да се изготви и законот за да се остави доволно време за да се подготват сите потребни документи за редовно одржување на пописот и не се оствари простор за одредена манипулација заради тоа што овој попис сигурно има и своја цел а тоа е однапред што ги кажав овие цели што треба на одреден начин да се поставаат.

Јас само ќе искажам мое лично мислење во однос на одредени забелешки што се дадоа во делот на член 38 и мислењето на одредени институции од надвор. Сметам дека овој челн 38 и нужен. Нужно е на овој попис да се примени затоа што Република Македонија стекна независност токму во овој период и ја прогласи својата сувереност. Сигурно за наредните 10 години овој член 38 нема да биде потребен, но ние знаме дека ваквите одредби беа присутни и во сите пописи во останатите сега суверени држави, поранешни југословенски Републики. Така да сметам дека ова не е исклучок туку е потреба заради идентификација на граѓаните кои што се на РМ и оние граѓани што престојуваат во РМ, а не се државјани на РМ. Сигурно во наредните 10 години, овој член 38 ќе биде излишен откако веќе ќе се врши контрола на влегување и излегување од РМ. Ние мораме да признаеме дека немавме контрола на движењето н а граѓаните и денеска ги немаме уредено документите за идентификација. И понатаму користиме лична карта од Бившата Југословенска Република Македонија, односно користиме лична карта која што не е изменета поради тоа што го немаме донесено законот за лична карта. Оттука сметам дека овој член 38 е нужен и забелешките во делот на негово бришење мислам дека не држат.

V/3.-

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, Доста се дискутира околу овој попис што низ текот на целата дискусија провлада мислење за потребата од овој попис, а јас ќе дадам свое мислење за истата цел. Македонија организира попис за 1991 година, дали некому на тој попис му пречеше и кој им забрани да се јават на попис со сите и дали не беше против уставно не јавувањето ан пописот. Понатаму, дали беше правилно бојкотирањето на истиот и со каква цел и кои претензии и што плаови имаа во тоа бојкотирање. Законот предвидуваше казнени одредби. Кој е казнет и дали е применувано тоа законско право?

Спроведен е референдум во 1991 година, исто така е бојкотиран. Уставот 1991 година, исто така е бојкотиран. Во 1992 година исто така прогласување на Илиридија. Дали тоа не беше....

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Не, грешка, нема Илирија, тоа е новина што излегува во САД.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Добро, ќе одговорите за тоа. Во 1993 година организирани воени единици.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

И ве молам расправаме сега за Предлог за донесување на закон.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Заврши тоа, готово, готово е, готово, готово е претседниче, ама многу ве боли изгледа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, ништо не ме боли, ништо не ме боли мене, а ма ти треба да зборуваш за она за што си излезен тука.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Со прогласени толку и толку војници, тоа организирано беше и против македонците и против албанците, тоа беше така организирано и воени и паравоени. Ако заплачаа македонски мајки ќе заплачеа и

V/4.-

албански мајки. Затоа сметам дека тоа беше организирано и против Македонците и против Албанците.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За пописот, за пописот, за законот за попишување на население

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

А, зошто на Ештреф не му рече за пописот кога велеше дека Македонците го бојкотираа. Добро, да не се договараме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Да не се поставува прашање туку да се расправа за содржината на Предлогот за донесуваше на законот.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Добро нема повеќе. Кое беше сценариото? (реакција на некои пратеници од место).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, тишина од место. Овде се знае за што се рас- права. За натаму може да се види тоа. Повелете.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Сегашниот попис не ќе биде пак уцена конкретно ја на Владата и на коалиционите партии затоа што ние веќе дојде за две години да организираме попис. Утре, ако им текне да побараат и на други, сега се бара од албанската, а утре ако им текне да побараат ромите, Египќаните, власите, турците, и други значи ние, Македонија, ќе треба да спроведуваме само пописи, понатаму додавам, што ќе стане од оваа држава ако вака продолжиме само со пописи место да му се посветиме на развојот на стопанството, на индустријата, на земјоделието, вработувањето, стечајните работници, ние ќе организираме пописи и пописи

Дали сме ние таа, најбогатата држава што постојано треба да спроведува пописи, и дали не ќе беше најцелисходно они што го бој- котираа и што бараа попис да го платат, да бидат казнети да го платат пописот, а парите што ќе се употребат за пописот да се употребат и

V/5.-

така малите ниски пензии, на Републиката.

На кој ќе му служи овој попис дали на Македонија или на поедини политички партии. Тоа значи не се чувствуваат граѓаните државјани на оваа Македонија што не сакаат да се попишат. Барам да се наброи во која држава се врши попис на јазик. Ќе ја земеме пример Франција, Германија, Англија, поблиску балканските сите земји. Дали во Хрватска е извршен таков попис, дали во Србија е извршен таков попис, дали во Бугарија е извршен таков попис, дали во Турција е извршен таков попис, дали го Грција е извршен таков попис, и Албанија а овде се бара преку лебот погача.

Во која држава малцинствата што живеат не го знаат јазикот на таа дражва и каде е таа што бара на нивни јазик да се изврши попис. Јас сметам, не сметам но точно е дека сите малцинства што живеат во некоја држава мора и го знаат тој јазик на таа дражва, ако не го знаат, не само за пописот, туку немаше да добијат ни работа ни други социјални прашања во таа држава и тоа сите го знаат, а овде се прави нарочно бојкотирање да се докаже пред јавноста дека тоа не го знаеме, а сите по убаво го знаат тоа. И како само тие дознаваат што вели Европа а ние не дознаваме, само кај нив кажуваат дека овде биле обесправени, а другите не се обесправени. Јас се прашувам, во дискусијата се нарече дека македонците го бојкотирале пописот. А кои се тие што не излегоа на пописот македонците или албанците не излегоа на пописот. Кој сега го бојкотира пописот, македонците или албанците?

Дека не биле дадени правата. Господа пратеници, јас не знам уште што треба да се даде од Социјалдемократската партија - коалицијата па да постигнете вие сите права каде што еве 50% од Владата е ваша Влада. 5-6 министри,потпретседатели на Влада ако е сега укинато го држат таму како министер и јас не знам колку и што треба се уште да се даде. Значи Европа не знае дека имате толку министерства, само ја лажете дека нема пари да излезете,колку министерства имате вие, колку,

50% е веќе Владата ваша. Значи уште што треба да ви даде оваа држава па да биде задоволена.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**: (Продолжение)

Затоа, предлагам пописот да си се изврши на службениот јазик на државата во која се води пописот, како што е тоа и во Европа и во сите светски држави. А ако сака некој двојазично, нека биде двојазично, но во другите земји му велат така сакаш нема двојазичност, само еднојазичност. Ќе ти одобриме се тука а тоа што ќе го створиш на тој твој јазик ти ќе му се грижиш за вработување и за други работи, оваа држава нема да прима работници со туѓ јазик вон званичниот јазик на државата. Затоа, не треба да се занесуваме со многу барања, зашто да не излезе побарала шута рогови, изгубиле и ушите. И во врска со зелникот требаше да кажам, не е крив оној што изеде два зелници, туку е крив тој што му ги даде, е овие од СДС тука.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Муртезани.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Дами и господа пратеници. Би сакал и ние да бидеме културни како во западните земји и ние да бидеме учтиви, и ние да знаеме колку нив и ние да бидеме економски јазик како што се тие, меѓутоа, и ние да имаме такви односи како што ги имаат тие. Меѓутоа, ние сме далеку од таа демократија што тие ја имаат. И односот.

Јас им благодарам на сите мои колеги кои вчера и денес не нападнаа, не навредија, употребија неуставни, незаконски квалификации и понатаму сакаат повеќе права држат за себе, меѓутоа тоа е така, нека јавноста процени.

VI/2.-

Не е спорно дека во Република Македонија во текот на 1991 година беше спроведен нецелосен попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства. Тоа нешто никој не го оспорува. Бидејќи тогаш од експертската влада и ова Собрание беа извршени измени на постојниот закон за попис на населението домаќинствата, становите, земјоделските стопанства на штета на Албанците, како и другото немакедонско население, Албанците беа неовозможени сами да се попишуваат односно да се избројат колку се, а не некој друг да ја одреди нивната бројка според нивната сметка, значи дека Албанците беа бојкотирани од пописот. Владата дури презеде и законски мерки преку Заводот за статистика и Министерството за правосудство, а општинските судови за прекршоци извлекле многуборјни парични казни, дури имаше и затворски казни против албанските граѓани.

Резултатите од пописот не биле прифатени ни од меѓународните институции и организациите, а Владата на Република Македонија е приморана да предложи нов закон, а потоа спроведе нов целосен попис на населението.

По однос на забелешките околу содржината на предлог- текстот на Законот ги предлагам следните измени:

Во членот 1, во петтиот ред после зборот "попис", се додаваат зборовите "задолжително учество следење, контрола и обработка на податоците од пописот од експертската група на Советот на Европа, меѓународни организации и заинтересирани држави".

Членот 4, став 1, точка 1 се менува и гласи: "Лицата кои имаат место на живеење во Република Македонија без оглед дали во моментот на пописот се наоѓаат во местото на живеење, на друго место во Република Македонија или во странство".

Точката 2 се менува и гласи: "Лицата кои живеат во Република Македонија повеќе од една година со исключок на бегалците кои престојуваат во РМ".

Во точката 3 се менува и гласи: "Лицата кои имаат место на живеење во РМ, а во времето на пописот се наоѓаат на привремена работа во странство, како и членовите на нивните домаќинства".

Во точката 4 и во другите одредби од Законот зборовите "официјално, легално, место на живеење", се менуваат со зборовите "место на живеење".

Точка 5 се менува и гласи: "Покрај лицата од точката 1 до точката 4 од овој став со пописот ќе се опфатат и бегалците кои во времето на пописот ќе се најдат во РМ".

Точката 6 се брише. Образложение. Постои основано сомнение дека државата во оваа категорија на лица односно граѓани ќе ги опфати и прикаже само лицата од македонската националност, кои се иселиле од РМ и имаат постојано место на живеење и државјанство на странска држава".

Точката 7 се менува и гласи: "Домаќинствата на лицата од став 1 од овој член со исклучок на лицата од точката 5, доколку членовите на домаќинството се во РМ".

Точката 8 се менува и гласи: "Становите и другите населени и ненаселени простории во ставот 2, после зборот "населени", се додаваат зборовите "и ненаселени". Ставот 3 се брише од причина што законот се оптоварува со прашања кои веќе се регулирани во ставот 1 од член 4. Ставот 5 се менува и гласи:"населението од ставот 1 точка 5 од овој член ќе биде одделно односно посебно публикувано".

Член 6, во ставот 1, алинеја 1 после зборот "граѓанинот", се додаваат зборовите "доколку го има"Ставот 1, алинеја 9 се менува и гласи: "Мајчин јазик и способност да се зборува еден или повеќе јазици".

Во став 2 зборовите "и точката 6 се брише"

Членот 10, став 2, алинеја 1 се менува и гласи:"контролни образец П5 се со следната содржина: податоци за домаќинството и за членовите за домаќинството, национална припадност, верска припадност, становите и земјоделските стопанства".

Контролниот, образецот П5 се составува во два примероци.

Член 11, во ставот 1 после зборот "Македонија", наместо точка се става запирка и се додаваат зборовите "општински комисии и експертската група на Советот на Европа и меѓународни организации"

Во ставот 1, член 12, во ставот 1 алинеја 1 после зборовите "ОНУ се додаваат зборовите "Советот на Европа и другите инструменти за спроведување на пописот. Во алинеја 11 после зборовите "Републичката пописна комисија се става точка и запирка и се бришат зборовите "и предлог за именување на општинските пописни комисии".

Во алинеја 13, после точка запирка се брише и се додаваат зборовите "по предлог на општинските собранија, запазувајќи ја националната структура на истите".

Алинеја 16 се брише во целост.

Образложение. Тоа е во надлежност на општинска пописна комисија.

Став 2 од член 12 се брише во целост. Образложение, Содржината на инструментите за организација и спроведување на пописот е регулирана со самиот закон.

Член 16, во ставот 1, во 9 ред на крајот од реченицата бројката 6 се заменува со бројката "1".

Во ставот 1 од членот 19 како прва алинеја треба да стои "експертската група на Советот на Европа". Другите алинеи се поместуваат.

Член 20 во став 1 како прва алинеја треба да стои "експертската група на Советот на Европа", другите алинеи се поместваат.

VI/5.-

Во член 21, во став 1 алинеја 1 се брише во целост.

Образложение, Општинските комисии ги именуваат општинските собранија.

Алинеја 3, која со бришење на алинејата 1 станува алинеја 2 започнува со зборовите "во соработка со експертската група на Советот на Европа".

Алинеја 6, која станува алинеја 5 после зборовите "ја информира", се додаваат зборовите "експертската група на Советот на Европа".

Алинеја 7, која станува алинеја 6 на почетокот на истата се додаваат зборовите "во соработка со експертската група на Советот на Европа".

Алинеја 8 која станува алинеја 7 на крајот се брише точката се става запирка и се додаваат зборовите "и експертската група на Советот на Европа".

Член 22, во ставот 1 наместо точка се става запирка и се додаваат зборовите "од кои три од македонска, тројца од албанска, и тројца од другите националности, што живеат во Република Македонија

Во ставот 2, ред 4, после зборот "и други" запирката се заменува со точка, а другите зборовите се бришат.

Ставот 4 се брише во целост.

Образложение, Структурата на Републичката комисија пописна е утврдена со став 1 од овој член.

Член 23, како став 1 од овој член треба да стои "општинската пописна комисија се именува од страна на општинското собрание"

Став 1 станува став 2.

Во став 2 алинеја 3 се менува и гласи:"Именува и разрешува општински инструктори, контролори и попишувачи и предлага распоред на истите".

Во ставот 2 алинеја 9 после зборот "инструктори", запирка та се заменува со точка - запирката другите зборови се бришат.

VI/6.-

Во став 2 алинеја 10, после зборот "општината", другите зборови се бришат.

Во став 2 после алинејата 11, се додава алинеја 12, која гласи: "Второто копие од образецот П5 го задржува и истиот го предава на експертската група на Советот на Европа".-

Алинејата 12 се брише.

Во член 24, став 1, наместо точка се става запирка и се додаваат зборовите "според националната структура на населението".

Ставот 2 се менува и гласи: "Претседателот и членовите на општинската пописна комисија се именува со одлука на Собранието на секоја општина".

Ставот 4 се брише во целост.

Член 25, ставот 1се менува и гласи:"Републичките инструктори се назначуваат од редот на стручни лица кои имаат искуство или познавање од областа на статистиката и пописот на населението".

Во ставот 3, алинеја 8 после зборовите "ја информира" се додаваат зборовите "експертската група на Советот на Европа".

Членот 26 се менува и гласи: "Општинските инструктори и попишувачи ги именува општинската пописна комисија".

Член 29 се менува и гласи: "Во секоја општина бројот на општинските инструктори ќе биде пропорционален според националната структура на населението во соодветната општина".

Член 30 се менува и гласи "За секој пописен круг се именува попишувачот. Во пописни кругови со мешано население се именуваат двајца или повеќе попишувачи според националната структура на населението во пописниот круг".-

VI/7.-

Член 33 станува член 32 кој гласи:"Експертската група која ја формира Комитетот на министрите на Советот на Европа учествува, го следи и го контролира пописот, како и дава стручна помош на Републичката организација надлежна за работите од областа на статистиката, Републичката пописна комисија и општинските пописни комисии во организацијата и спроведувањето на пописот'.'

Работите од претходниот став експертската група ги врши со назначување по еден член во Републичката пописна комисија и општинските пописни комисии, кои по агрегирањето на резултатите од пописот на општинско ниво ги земаат вторите копија од образецот П5 и ги доставуваат до експертската група. Експертската група врши повторно агрегирање на податоците од образецот П5 ако за тоа се укажува потреба.

Ставот 2 станува став 4 и ставот 3 станува став 5. Ставот 1 е избришан во целост.

Член 32, станува член 33, ставот 3 после зборовите "ги пропишува", се додаваат зборовите "Републичка пописна комисија" а зборовите "функционер кој раководи", се бришат во целост. Во став 4, после зборот "Македонија" се става точка и сите други зборови се бришат.

Член 34 , овој член се менува и гласи:

"Трошоците на експертската група ќе се пресметаат од средствата одобрени од ЕЗ преку програмата ФАРЕ.

Член 35 се менува и гласи: "Попишувањето на населението се врши на јазикот и писмото на граѓанинот кој се попишува".

Обрасците за пописот член 10 и став 1 се печатат на македонски, албански и јазиците на другите националности што живеат во Република Македонија.

VI/8.-

Член 36, во ставот 2 после зборовните "точни, потполни, одговори", се става точка, а другите зборови се бришат.

Во ставот 3 после зборовите "најмногу познати" се става точка, а другите зборовите се бришат.

Во ставот 5 после зборот "пописот", наместо точка се става запирка и се додаваат зборовите"или друг полнолетен член на домаќинството кому податоците му се познати". Овој член се дополнува со уште еден став, кој станува став 7, а кој гласи: "Попишувачите задолжително, контролниот, образецот П5 по пополнувањето второ копје од овој образец да го остави во секое попишаното домаќинство.

Член 38, ставот 1 се менува и гласи:"Заради обезбедување на точни податоци со пописот, попишувачот и контролорот од лицата опфатени со пописот треба да побараат соодветни документи доколку ги имаат, како што следи".

Член 40 се менува и гласи "Заради целосно извршување на задачите до пописот и други долгорочни работи од областа на статистиката, Републичката организација надлежна за работата на статистиката по донесување на овој закон задолжително да вработува лица на неопределено време најмалку соодветна на националната структура на населението од пописот извршен од 1981 година. Функционерот кој раководи со републичката организација надлежна за работите од областа на статистиката за целосно извршување на задачите од пописот може да вработува лица на определено време според националната структура на населението во РМ".

Член 41, став 4 после зборовите "од функционерот", се додаваат и зборовите "односно органот".

Членот 42 и сите други членови да се усогласат со забелешките на експертската група.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Законот за попис на населението за 1994 година беше речено е за еднократна употреба. Европски и светски норми за попис се 10-годишни периоди. Одлучува самата држава.

Во 1991 година се одржа редовниот попис. Пописот го бојкотираа Албанците, не сите, на повик на партијата на ПДП. Таа партија и тогаш и сега беше застапена во Владата.

Бојкотот на пописот има само една вистина а тоа е настојувањето на ПДП дестабилизација на РМ и етничка војна. Секоја дестабилизација носи штетни последици по предизвикувачите на таквото однесување. Малку беа нелојалните постапки проследени во континуитет за овие 3 години и кога во екот на можниот предизвик на етнички судири со тајното образување на паравоени единици и нивното наоружување од страна на Република Албанија, Владата на РМ се одлучува да преложи Закон за попис, не дополнителен туку нов и целосен што во основа го легализира како дозволено средство за рушење на уставниот поредок на РМ.

Во светот има правила како се постапува кога се посредува попис, па има и- казнени одредби за оние кои не учествуваат во пописот.

Надлежниот републички орган за спроведуваше на пописот во 1991 година не одговори на основната задача до крај да го спроведе како во делот на пописот така и во делот на казните. Од тука неспособноста да се извршува и спроведе законот е тоа што се гледа од фактот што и поднесените пријави за бојкотот не се решени од општинските судови.

Мора да се каже кој го попречи поднесувањето на пријавие за бојкотот на пописот и кој забрани да се донесуваат казни по истите. Во спротивно органот за статистика, Републичкиот завод за статистика не

одговори на функцијата во дадениот случај. Очигледно имаме ново правило за неприменување на Законот никого глава да не боли, дури имаме и награди поради не сменување.

Како баш на Републичкиот завод за статистика му текнало на ум да предложи закон за дополнителен а потоа за нов попис. Со ваквото однесување се врши малтретирање на македонскиот народ и сите други што учествуваа на пописот во 1991 година. Ваквото однесување сакале или не пописот од 1992 година го чини незаконски и недемократски и од тие позиции им дава право да ликуваат оние кои на РМ не и мислат добро.

Дали пописот од 1991 година беше законит? Што сакаме да докажеме сега ние со новиот попис, дека Албанците се во право односно нелојалноста кон државата да се награди, а не еднаш да се манифестира нелојалност кон државата.

Дали РМ е независна држава или Европска експериментална територија за вршење на експерименти во врска со однесувањето на националностите и друго, пример со името, држава без знаме во 00Н и слично.

Колку ниско паѓа Владата јасно е со фактот дека Европа купува се за пари, но не дава пари. Ни нудеа име за пари, од тоа ништо. Но, сега се даваат пари за попис. Ако ни плати Европа за попис утре може по диктат со давање на пари да не принудува да правиме што сакаат и со тоа да ја губиме државната самостојност. Го употребувам зборот пари, а би требало да се употребува дени.

Дали некој ги прашува македонците и другите националности дали сакаат попис? Одговорот е не. Што ако македонците овој пат и тоа со право го бојкотираат пописот. Пак ли ќе имаме нов попис. Оние што бојкотираат пописот, јасно е дека не сакаат да живеат во Македонија.

беше носител на бојкотот за служење на воениот рок во АРМ во пресудното време. Нели е тоа игра со судбината на огромното мнозинство во РМ поготово со домородните Албанци кои знаат да ги ценат и да купуваат добрите односи со македонците зашто тоа е во интерес на сите. Најголема штета би претрпеле тие. Од тука домородните Албанци, заедно со Македонците и сите други треба да се заложат сите дојдени Албанци кои поради терор на сили и слично, гушеше и кршењето на демократските права во земјите од кои дојдоа, да се заложиме да изградиме добри односи со тие држави, да победи демократијата и нивното враќање во тие држави, мислам на Република Албанија и СРЈ.

Овие Албанци кои најдоа уточиште и заштита во РМ умно е своето однесување да го подредат на почитувањето на гостопримството во оваа држава. Секое друго однесување е штетно и контрапродуктивно по истата. Не би требало да се играат политика и да членуваат во ПДП иако се државјани на РМ. Зборувам за дел од нив.

Искуството во САД за лицата кој го бојкотираат пописот е таков да тие лица не можат да учествуваат во изборите за 2 наредни мандатни периоди. Трпат и други штетни последици, за што повеќе ќе ви зборува г-динот Јордан Бошков.

Нешто за законот.

Законот онака како што е конципиран директно е во спротивност со Уставот. Кажете во која држава во Европа Европа успеа да наметне нов попис на социјалистичките земји. Нема такви. Едноставно, затоа што ги одбила таквите покани. Затоа како експериментална територија, без оглед на меѓународното признавање, експертната група наметнува решенија спротивни на Уставот во однос на националните малцинства, во текстот на законот, а во државните работи службен јазик е македонскиот јазик и неговото писмо. Македонскиот јазик е

задолжителен во основното образование и треба да го познаваат националните малцинства.

Со законот се наметнува двојазичност до 5-то јазичниот во државните работи. Мислам дека г-динот Аренс добро ја одигра својата задача. Знаеме како мина во другите Ју-републики во однос на неговите залагања за правата на националните малцинства. Само по однос на оваа основа законот не треба да се донесе и поред други одредби. Мора како држава да докажеме една одлучност. На националните малцинства кој го бојкотираа пописот и така ништо не им недостига но можно е ако се направат одредени согледувања ќе видиме дека ПДП нема интерес за овој попис зошто очигледно е дека ако се одбијат дел од гласовите на ПДП на изборите во 1990 година на дел од македонските муслимани, Турците, Муслиманите и Ромите, бројот на Албанците се сведува на реалната бројка од 21% од вкупното население на Републиката.

Европа поготово и македонскиот народ со евентуалниот попис би биле измамени и што. Така мислевме, бевме во заблуда. Државата е сериозна работа. Пописот во случајов е несериозен потег на Владата.

Албанците нема да излезат на новиот попис. Се донесоа многу нови прописи од областа на даноците, па ако им се евидентира и попише имотот ќе плаќаат големи давачки. Затоа ќе најдат изговор, ќе играат на картата време во услови на уцени и беззаконија. Полицијата тоа го обезбедува на РМ.

Крајно е време СДС да ја отфрли нивната основа програмска одредница за граѓани и да се приклони кон единствената вистина. За судбината на РМ ќе одлучуваат Македонците со учество на лојалните граѓани, без разлика на националноста. РМ ќе повторам, не е ниту мултинационална држава и нема да биде. Таквото залагање единствено ќе носи и значи војна.

VII/5

Сега еден мал историјат.

1991 година беше година кога се зацврстуваа темелите на македонската држава на нови услови и основи, самостојна и независна македонска држава. Меѓутоа, какво е однесувањето на ПДП во таа година. Целокупното однесување е подредено на спречувањето на дооформувањето на државата на Македонците како самостојна држава во која држава им се обезбедуваат граѓански права на сите. Тоа е година кога ПДП правеше погрешни потези и сакаше да предизвика дестабилизација на државата, постапувајќи големоалбански позиции за поделба на Македонија. Не може никако поинаку да се толкува однесувањето:

Прво, бојкот на пописот. Целта со тоа беше јасна да не се утврди точниот број на Албанците во РМ и да се овозможи манипулирање со бројот и лажење на Европа, со висока бројка што воопшто не е битна зошто Албанците во РМ може да бидат само национално малцинство. Се предизвикуваше ЕЗ да се вмеша во внатрешните работи на државата и таа е излажана и навистина почна да се меша.

Ако во државата немаше одбранбен механизам да се парира на лагата, се прифаќа капитуланство и се предлага нов попис, а не дополнителен. Ова е историска заслуга на СДС и Либералната партија. Тоа е национална награда за Македонскиот народ и граѓаните на РМ.

Малку беше бојкотирање на пописот, не плаќање даноци и 1 придонеси по сценариото на Голема Албанија, се пристапува кон образување на паравоени единици во функција на таа фикција, па повторно се бојкотираат Референдумот за независна Македонија. Со бојкотот на Референдумот веќе е јасно дека Албанците во РМ предводени од ПДП се противници на создавањето на самостојната македонска држава и си организираат свои референдуми за автономии, илириди и што не друго. Целта беше јасна, да се прикаже дека Албанците не може да живеат во РМ како национално малцинство и

затоа се против државата и нејзиното конституирање на основа на новите услови во услови на распадот на Југославија. Тука веќе направија очита грешка која Европа ја сфати но, не во вистинското решение, па да се осознае вистинската состојба стотици емисари од ЕЗ ја шетаа Републиката и се интересираа за положбата на Албанците во Републиката. Вистината допираше до нив и однесувањето на Албанците посебно се сваќа несериозно и претерувачко и треба да се приземјат. Орелот сака високо да лета, меѓутоа имаме и оружје со висок дострел, нели!

Во спрега со Република Албанија почна да се наметнува фактот дека ПДП е фактор на дестабилизација на РМ и Балканот, а Република Албанија како главен снабдувач на ПДП со оружје во светот ќе го добие епитетот на држава како Либија, да не речам терористичка. Република Албанија веќе и трпи штети и е окорена од одредени Европски држави за таквото однесуваше на Балканот.

Може ли Албанците така да се однесуваат ако некој не им го дозволува тоа? Законот за попис во 1994 година зборува дека виновникот е во СДС и никаде на друго место.

По логиката на Законот за пописот за 1994 година, аналогно на однесувањето во 1991 година, логично би било сега СДС да покрене иницијатива за нов референдум на самостојна и самостојна држава, зошто Албанците го бојкотираа референдумот. Логичен потег е само нов референдум. Така се тргнало и мора да се биде доследен во тоа. Албанците сигурно ќе бараат, поготово вториот дел од прашањето за евентуален сојуз со Албанија.

Понатаму, 1991 година е година кога се донесе Уставот на РМ без учество на Албанците. Имаме трет бојкот од суштествено значење за Македонската држава. Беа невнимателни или почнаа да сфаќаат дека македонскиот народ отполна и политички и војнички да зајакнува и во

секое време може да го скрши секое непријателско однесување внатре во државата, па останаа во салата кога се усвои Уставот. Имаше чесни пратеници кои беа спречени да гласаат за уставот и од редовите на ПДП. Не е ништо чудно што денес имаме превирање во ПДП што една студија во ПДП се ослонува исклучиво на совети и налози од Република Албанија.

Со негласањето на Уставот јасно се стави до знаење дека за ПДП оваа држава е туѓа и дека албанците ќе бидат среќни во својата држава. Таа своја држава е само Република Албанија, а РМ е држава на Македонскиот народ и на лојалните граѓани. Може да се изведе логика заради бојкотот на Уставот да се бара и измена на Уставот и се бара измена на Уставот низ разни форми.

Овие три бојкота јасно говорат дека меѓу односите на соседните држави во однос на правата на националните малцинства треба да се примени покрај стандардното ниво на права,кое никаде во Европа не е дефинирано и правото на реципроцитет во однос на правата на националните малцинства. ВМРО-ДПМНЕ, пратеничката група во догледно време ќе поднесе до Парламентот Декларација за реципроцитет со соседните земји за решавањето на правата на националните малцинства.

Меѓутоа, познати се и други решенија во односите меѓу соседните држави. Така на пример до колку имаме постојано манифестирање на бојкот, нелојалност, една од можните мерки ќе биде и размена на населението со Република Албанија каде 400 илјади македонци, ако не и 700 со драго срце би дошле да живеат во РМ. Бројот на Албанците во РМ е 450 илјади и ќе имаме реципроцитет, многу успешно. Верувам дека на највисоко ниво веќе е и разговарано за едно вакво решение. Останува да се произнесе и ПДП за ова прашање, за разговорите правени во Тирана.

Од тука неопходно е Законот за попис да се дополни со одредби за учество за размена на населението. Затоа ВМРО-ДПМНЕ се залага за дополнителен закон за попис, не за нов попис. Нов попис, не дополнителен на сметка на тие што не учествуваа во пописот.

Г-динот Бошков во една прилика рече дека порано е забранувано попис на Муслиманите, да не се знае нивниот број, а за тоа да се лаже за вистинската состојба. Мислам дека доста се лажеме.

Сведоци сме на нов бојкот. Не поднесување на даночни пријави и логично најава за продолжување на рокот за поднесувањето на пријавите.

Однесувањето на Албанците веќе наликува на разгалено дете, но не се применува вистинската англиска мерка за воспитување. Заради таквото однесување на колациионата Влада постојано ќе се малтретираат лојалните граѓани на РМ заради нечии цели. Ќе повторам нашата пратеничка група се залага за дополнителен попис за оние што не се попишаа во 1991 година, на нивна сметка и на новите избори во оваа година ќе се оди со резултатите од пописот во 1991 година и во таа смисла да се подготват и бирачките списоци.

На крајот- сакам да кажам дека само со почитување на законите се зачувува мирот во една држава. Тоа е основното правило што треба да биде почитувано.

VIII/1.- РД/ЉР

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Почитувани претенции, се пријавив да дискутирам по оваа точка од дневниот ред пред се бидејќи некој говори овде веќе ми се монотони и прекумерно ме иририраат со својата политичка нефлексиблност од луѓе национално преотпварени, па и заслепени пред вистината од која не може да се избега и со која постојано се живее. Веројатно е време да се сфати дека се што ќе се каже е прекумерно, непотребно и вишок , во однос на ова што е решено да се направи, т.е. да се спроведе попис на населението од дадениот Предлог на закон. Дали требаше да се казнат или не оние кој го бојкотираа пописот 1991 година нека остане само по себе одговорено. А јас ќе се потрудам со неколку зборови да образложам, ако ова Собрание е конституирано во јануари 1991 година, а пописот беше извршен во април истата година, кога РМ се наоѓаше во услови на радикални промени, т.е. нејзиниот целокупен систем како нова држава, со што Уставот на СФРЈ заради објективни причини е голем дел од албанското население, па и пошироко беше веќе формален и неважечки, при што се создаде правен вакум или незрели услови за реално изведување на пописот во РМ, бидејќи требаше да се изведе по урнекот на старите прописи на мунистичкото уредување па би запрашал пред кој закони требаше да одговара еден дел народ кој едногласно го негира мунизмот. Ја изгласа демократи- јата во оваа држава која на стартот разочара.

Коалицијата не се формира поради пописот, поради употребата на јазикот на националностите и било што друго, туку постои политички момент и услови формирани во дадениот политички момент. Па затоа сметам дека е дури смешно овде да се зборува за тоа како и кога и зошто таа постои.

VIII/2.-

Што се однесува до тоа дека податоците на ПДП и НДП во врска со бројноста на албанците во Република Македонија се дезинформаторски, јас ќе наведам еден податок во 1991 година, само во Скопје и населените места во Полошка котлина, бројката на албанците достигнува до 550 илјади што претставува околу 28% од целокупното население на РМ, не вклучувајќи ги притоа останатите населени места. На пример, Кичево, Струга, Дебар, Охрид, Преспа, Ресен и Куманово не влегуваат како населени места со албанците. За војна е лесно да се зборува, имаме актуелни примери за војна на вжештени националистички глави на Балканот и пошироко. И се пора, отсутноста на толеранција и упорност во настојувањето сите спорни прашања да се решаваат во мир, а оној кој сака војна нека ја води не овде, туку таму каде мисли само со неа ќе победи. Ние ќе се бориме со факти и вистини, секогаш ќе се бориме да ги вратиме оние права кои некој некогаш ни ги одзеде, користејќи се со дијалог вистини и вразуменост. Се радувам што сега се гледа колку некој овде ја посакува војната како единствено решение. Некој тоа постојано му го пропишува на албнаскиот народ. Војна не се води поради тоа што со нови методи и правила ќе се надмине угнетувањето на еден за сметка на друг народ во оваа држава, ниту пак заради стравот од доселениците од Косово. Емиграцијата како општествен феномен е присутна на секаде. Имиграциони процеси беа и оние кога по војната многу егејци, бугари и грци се населија во Македонија. Зарем и тие процеси се случуваа заради политички цели за распарчување на Македонија или за надминување на бројноста на Македонците. Вака лошо протолкувани нештата во врска со Предлог-законот за пописот на населението во РМ не води кон ништо. Друго, освен помислата дека некои овде ја поставува од исходот. На пример: Тодор Петров, Стоиле Стојков. Доста Димовска и други на пописот по кој многу вистини ќе дојдат до израз, а некој ќе стане малцинство.

VIII/3.-

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека некоректно е и не примерно, дури и неодговорно во овој момент да се занесуваме и да разговараме за некој меѓунационални и други односи и мислам дека говорниците, и од претседавачот посебно да биде коректен и дециден, до крај праведен да се придржуваат исклучиво на Законот што е предмет кај нас. Ако вака дискутираме, јас ви кажувам граѓаните не го мислат тоа што вие го мислите и што правите маркетинг. Јас тврдам, бидејќи живеам во меѓунационална средина и комуницирам со сите граѓани, со сите националности, јас да ве поздравам и да ви кажам да не правите иритирање кај граѓаните и да ги залажувате со вашите дискусии, со ваши неаргументирани и контра аргументирани прилози овде што ги искажувате, така да најрационално би било да се придржуваме кон Законот за да можеме да ги донесеме и оние точки кој одат после овој закон, а Законот е многу дециден и јасен, профедионално добро направен и мислам дека овде излеговме дека можеме да на пример уште 5 други закони, заради тоа што имаше колеги кои предложија нови закони, а јас ги молам тие колеги, односно пратеници да предложат Закон и да биде во рамките како приложен закон, а понатаму ова професионално квалитетно тело тела да ги разгледа. Ми се чини дека не сме заборавиле дека сепак статистика е голема наука и голема умешност, а мислиме дека ја познаваме статистиката, но за жал се потврди овдека дека многу работи во самата статистика, од популацијата и демографијата многу малку знаеме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Претседавачот ја води седницата по Предлогот за донесување на закон за попис на населението за домаќинствата, становите, и земјоделските стопанства во 1994 година, а не по она што било и штос е случило во минатото. Претседавачот им дава збор на говорниците да

расправаат по овој Предлог за донесување на закон, а не да забровaат тоа што тие имаат свои вистини, јас кога реагирав луѓето реагираа од место, дури ми се заканувaа, кога ќе излезеш ќе видиме што ќе стане со тебе. Ве молам, забелешката се прифаќа само да се почитува дневниот ред.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Како што рече еден пратеник од ПДП - војвотке полека. Ќе му кажам на г-динот Џемаили дека македонците, особено членовите на ВМРО-ДПМНЕ не се плашат од никакви закани и од никакви лажни податоци со кои што се тропа овде на говорницата. Г-динот Томислав Стефковски многу добро кажа дека за орелот високо што лета постојат и орадија со висок дострел.

Што се однесува до процедуралната забелешка ценам дека сегашниот претседавач не може натаму успешно да ја води седницата и не ми е јасно од кој причини другите потпретседатели и претседателот на Собранието не се тука. Зошто сметам така? Факт е дека за невистините кој што беа изнесени од оваа говорница за бројките кои што г-динот Веби Џемаили ги цитираше дека постојат 550 илјади албанци во Скопје и околината, а не се наведе изворот кој се цитира, должен беше претседавачот да реагира и да го опомене пратеникот.

Очигледно претседавачот се идентификува со овие ставови и дозволува невистини да се кажуваат од оваа говорница и целата македонска јавност да се иритира. Исто така беше кажана една навреда на македонците кои што беа наречени егејци, тоа се македонци од Беломорсма Македонија, од Егејскиот дел на Македонија и не може вие да ги етикетирате, да ги делите од останатиот дел на македонскиот народ, да ги нарекувате Егејци. Исто така реагирам што претседавачот не го опомена пратеникот за ваквата навреда која што беше укажана.

VIII/5.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

И многу други истакнаа невистини, па јас не реагирав, бидејќи секој има право да каже своја вистина, тука.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Ако сака господичната да биде запозната со тие бројки навистина, еве овде има еден документ на бугарски јазик, таа познава бугарски од мене, а како второ во сите документи, во тие најмодерните што ги познава нашата македонско историографија тие граѓани од Егејска Македонија се викаат егејци. Без огелд дали се тие македонци, албанци, турци или друго.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Очигледно е дека оваа седница по една точка која се расправа еве веќе втор ден, која го заслужува должното внимание, ми се чини и од нас како пратеници и од целата македонска јавност доби еден тек кој не е соодветен во парламентарната демократија и почитувањето на мислењата. Меѓутоа, импутациите што овде се изнесоа пред малку од страна на некои пратеници од ПДП Ви кажував дека не се соодветствуваат во вистината, односно со вистинските работи во Република Македонија. Затоа би рекол, се мислам дека во оваа прилика одредени сили* од албанската популација кои себеси се нарекуваат политичари на некој начин одејќи и примајќи инструкции во Тирана во главниот град на својата матична држава, работат против интересите на целокупното население во РМ, вклучувајќи го тука и македонскиот народ и сите други националности, односно национални малцинства. Пред се, мислам дека работат против интересите, затоа што за два дена ќе ви кажам 10 албанци ме сретнаа на улица и ми рекоа г-дине Стојков вие сакам да ми кажете дали е вистина зошто нашите политичари одат во Албанија, дали е вистина дека ќе имало некаква размена на

населението. Тоа албанците го шират цело време. Јас не знаев што да им одговорам затоа што велам прашајте си ги вашите политичари, кои вие ги избравте. Прашањето беше од 10 албанци кои се староседелци од 200 до 250 години кои живеат во Македонија а кои се загрижени исто така како и сите македонци, односно сите Срби што живеат овде, сите Власи и Роми, кои се загрижени да има навистина мир со меѓусебно почитување, а не со уцени и закани. Тие ситите велат овие нашиве одејќи во Албанија, во Тирана ќе ни донесат војна. Така велат вашите албанци кои гласале за вас и трета работа, мора да одговорите вие како партија од ПДП зошто г-динот Мухамед Халили по втор пат еве сега пред два дена на заседанието на Парламентот на Советот на Европа се претставува како албански депутат не кажувајќи од која држава доаѓа. Тоа е исто така една работа која несоодветствава на почитување на она соседско, не треба сожителство, да праиме замена, или за братството и единството, но соседски да се почитуваме со сите свои карактеристики. Само така можеме да им се допаднеме на сите граѓани на Република Македонија. Инаку јас очекував од г-дата од Социјалистичката партија од СДС и од Либералната партија да реагираат секогаш на вакви инсимулации како што ги шират пратениците од ПДП. Бидејќи тие се во коалиција со нив.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

За жал моите разбирања за историјата и на г-динот Веби Џемаили се разликуваат, тоа го покажа и дискусијата на 68-та седница во Законот за рехабилитација и сега повторно г-динот Веби Џемаили презентирајќи еден документ, како историчар би требало да знае дека за историските факти и воопшто за историската вистина постојат различни ставови и околу тоа треба да се изведе одредена аргументација односно да се

докаже. Било кој од нас може да донесе тука некаков документ и да го презентира. А исто така ги отфрлам инсинулациите дека јас многу добро можам да читам бугарски документи. Тоа е за жал остаток од вашата терминологија од времето на студената војна кога тука српската пропаганда беше многу јака, многу присутна и за жал ве опфатила и вас, кај што беше нормално да се знае српски , а не беше нормално да се знае бугарски и да се комуницира со сите соседни земји.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Ние албанците сме оптужени дека одиме во Тирана. Тоа е точно, ние тоа не криеме, а некој кој оди во Софија, во Бугарија, а крие и зема дебели пари за тоа да ја служи Македонија, за тоа не сакаа да признае.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Преку реплики можете да ги дообјасните вашите ставови но во врска со предметот што е за расправа. Ве молам , инаку ниту може да бара некој од вас и за историјата исто да мислите, ниту тоа било тоа некогаш сите исто да мислат, ниту некој ве тера на нешто такво, ниту па нас сите други нас не интересира кој како мисли за историјата. Овде имаме закон на дневен ред, за него треба да разговарате. Терминолошки се користат разни термини понекогаш, меѓутоа ова е Парламент и од тој аспект бидејќи сакам и јас да упаднам само толку да ви свртам внимание, не може да се зборува за егејци вакви или такви, од човекот зависи како се изјаснил. Ако тој се изјаснил за македонец, тој си е македонец, и тоа е интимно право на секого. Никој нема право да му шие што е итн. И ве молам и репликите да ги набиете во рамките на расправата по Законот и и да дадете дополнителни објасненија.

VIII/8.-

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Истот ака и јас не го споманв претходниот пратеник, меѓу- тоа ми дадоа збор, сигурно и јас треба да кажам нешто. Не спорно е дека македонската нација во тој контекст, само едно дообјаснување, така е во Деловникот, неспорно е дека македонската нација припаѓа на стварниот словенски род, како една од многуте Словенски нации. неспорно е дека секој македонец треба да знае да чита и бугарски, меѓутоа и српски, можеби и руски и чешки итн. Тоа е во однос на тоа затоа што припаѓаме на едно стебло од кај што извираат повеќе гранки, меѓу која гранка е и македонската нација и српската, и бугарската нација како најблиски нации на овој Балкан овде. Ние од нив поблиски немаме и затоа импутациите од стилот некој бил во Бугарија, тоа може да се проведи само на пасошите. Земете ги пасошите и проверете кој колку пати бил во Бугарија, а кој колку пати бил во Тирана. И да повторам, ако не слушнавте 10 ваши граѓани од албанска националност ме прашаа дали е вистина зошто одат нашите пратеници таму односно за некаква си размена на население. Така ме прашаа, не знаев што да им одговорам. Сигурно вие ќе им договорите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само уште едно да ви кажам. Па зашто воопшто сме се бореле ако мора да се води сметка кој каде оди. Па оваа е слободна земја - луѓе. Се оди кој кај сака. Како можеме сега зошто некој одел во Албанија, зошто некој одел во Бугарија. Па одете. Овде ќе се држите како пратеници на Република Македонија. Има да водите сметка за Македонија и за никој друг. Тука сте пратеници, а одете сите каде што сакате, слободни граѓани сме сите. Каква е оваа дискусија воопшто, не можам да разберам. Не смеете да земате политички обврски никаде, не смеете да водите туѓа политика.

IX/1.- JJ/OM

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас се извинувам што се јавувам по трет пат, но бидејќи беа кажани од господинот Веби Џемаили сериозни инсинуации и клевети во врска со нашата партија дека ние одиме тајно во Софија и нашата партија прима средства, дозволете да кажам.. (во салата се слушаат реагирања)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па добро луѓе, да се разјасниме Ве молам за тишина никој не рече тајно одите.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Прво тоа не е точно постои слобода на движење и исто така не постојат никакви докази. ВО Република Македонија постојат институции што се грижат за прекршување на законот, а исто така што се однесува до вашата партија е докажано со аферата за паравојската, за сеалбанската војска дека огромни средства и оружје се пристигнати од Тирана и дека работите под диктат на Тирана. За тоа власта не превзема никакви мерки. Последен пример беше присуството во Тирана на потпретседателот на Собранието Џеладин Мурати и двајца пратеници кои беа на состанок во Тирана да добијат упатства како да се однесуваат и каква политика да водат во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓице Димовска па Вие немате, Вие не сте дошле, воопшто да објаснувате за пописот.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Поголем доказ за несамостојност и за мешање во внатрешната работа на Македонија нема.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво, има збор господинот Џемаили зошто е спомнат. Ве молам за тишина, инаку ќе ја прекинам седницата, зашто ова не личи на седница. Да се разбереме треба да зборувате, а ако немате сили да се концентрирате на предметот тогаш ќе ја прекинам седницата.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Јас тоа го реков и тоа е точно, госпоѓицата Доста Димовска нема контра аргументи тоа да го демантира. А, второ не знам овде, најголемиот негатор на заедништвото господинот Стоиле Стојков, ги негира документите, 1880 година за заедништвото, за заедничка автономија, 1903 година, 1905 година, заедничкиот комитет албанскиот и македонскиот и признавањето на Конгресот на Социјал демократскиот сојуз на Европа во Цирих каде Македонија се признава како заедничка држава на македонците, албанците и сите други граѓани кои живеат во неа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас само уште еднаш ќе Ви кажам и да внимавате, можете да си правите симпозиуми, да си кажувате кој што мисли од историјата а да не се повикувате, ова не е право за реплика. Ако господинот Џемаили има нешто да и каже на госпоѓица Димовска нека и каже надвор (смеа во салата), нека му каже што има на Стојков надвор од салата.

Овде имаме точка на дневен ред Ве молам и еве има збор уште нешто да каже господинот Мурати. Ве молам за тоа да внимавате и да се разбереме. Не мошже тоа така.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитувани пратеници, јас немав намера да дискутирам по Предлогот за донесување на закон за кој треба да даваме стручни и

политички квалификации дали законот ги задоволува барањата и навистина да биде современ закон, да ги предвиди сите барања за објективно попишување на населението и т.н. Сметам дека ние сме во тек прашањето да го решаваме на многу добар начин без вакви реплики и сл. Излегов само да кажам дека движењето е слободно, па слободно па јас не верувам дека некоја политичка партија или некој орган може да забранува кај ќе оди господинот Џеладин Мурати и други двајца пратеници. Вистина е дека сме биле во Тирана и никој од тоа не треба да оспорува дека сме биле таму и што сме правеле таму. Веројатно за некоја добра работа како што и други отишле таму, но не со цел за дестабилизација на Република Македонија, туку обратно за придонесување за развојот, за стабилноста, за добрите односи во Републиката и да се обезбеди мир и благосостојба на граѓаните овде. А тоа што некој сака тоа да го прифати така, госпоѓицата која ме спомна е друго прашање и не треба така да се однесуваме во овој парламент, во кој ние расправаме за иднината на нашата Република, заедничка во која секако постојат албанци и ним не може никој да ги негира. Колку се толку се.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Владимир Мицевски.

**ВЛАДИМИР МИЦЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, го ценам предлогот на Републичкиот завод за статистика како најкомпетентна институција за предлагање на законот за попис на населението, домаќинствата и становите во 1994 година кои се раководел од искажаниот интерес на Женевската конференција за поранешна Југославија под патронат на Обединетите нации. Иницијативата беше поддржана и од Комитетот на Министерскиот Совет на Европа, кои назначи и експертска група од стручњаци од областа на

демографијата и заштита на лични податоци и обезбеди материјални средства за извршување на пописот.

Морам да истакнам дека новиот попис ќе биде исклучиво во функција да придонесе да се расчистат сите сомненија и дилеми кај повеќето националности кои живеат во Македонија и кои преку свои политички асоцијации, ги изразија во однос на националниот состав на вкупното население во Македонија, поточно околу вистинската број: со која тие партиципираат во вкупниот број на населението.

Не сакајќи повеќе да ја елаборирам потребата за донесувањето на овој закон што ќе оди во две фази, па ќе имаме шанса со свои дискусии и предлози и забелешки на предложениот закон на предложениот текст на законот да придонесеме законот за пописот на населението да ги задоволи сите граѓани во Република Македонија. Чувствувајќи обврска спрема избирачкото тело на својата изборна единица чиј мнозински дел е од српска националност тие необично заинтересиран како и сите граѓани на Македонија за основните одредби што ги нуди Предлогот на закон, а истите ги искажаа на собири и преку лични контакти со нивни претставници, ќе ги изнесам основните забелешки на Предлогот на закон.

Во член 10 кој ги регулира и објаснува прашалниците што ќе се користат како документи во пописот во кој наведените податоци ќе останат тајна, се предлага образецот П-1 каде што се содржани прашањата од членот 6, најмногу ги интересира граѓаните од српска националност, зашто тие ја регулираат националната припадност и вероисповедта, па се предлага овој образец да се пополни во повеќе примероци така да еден примерок да остане кај пописаниот што би се користел за интерно евидентирање на бројот на припадниците на таа националност.

Исто така тоа се однесува и на членот 36 каде се регулира начинот и изведувањето на пописот. И тука би требало да се предвиди еден примерок од образецот да остане кај попишаниот. Впрочем ваков стави имаше и експертската група, но во основното решение на законот ова го нема.

Во членот 24 кој го регулира формирањето на Републичката пописна комисија и предвидува претседател и 8 члена покрај тоа што тука се предвидени научни и стручни работници од областа на статистиката, политичкиот систем, демографијата и економијата, а ги именува Владата на Република Македонија, во ставот 3 од овој член стои: "во составот на Републичката пописна комисија се именуваат најмногу 3 члена од припадниците на различните националности во Република Македонија". Кој се_тие три националности кои ќе бидат привилегирани?. Во преамбулата на Уставот се наброени покрај македонците, албанци, турци, власи и роми. Значи 4 националности, па според тоа една од нив ќе треба да отпадне. Која треба да отпадне? Се псотавува прашање на уставната рамноправност, не се знае која од тие ќе отпадне зошто се предвидени претставника од 3 националности. Така може лесно да се случи ако остане тој став од членот за оваа комисија, да нема претставник од српската националност. Значи постои еден страв да не се случи истото како кога се донесуваше Уставот. Знаеме дека во преамбулата на Уставот, и ако имав амандман не влегоа претставници од српска националност ниту во Советот за меѓунационални односи. Мислам дека овде треба да се раководиме под уставните принципи на еднаква рамноправност. Според тоа предлогот е наместо овие 3 члена во пописната Републичка комисија од националностите да бидат 5 члена. Тоа значи за сите оние што се во преамбулата на Уставот и еден од српска националност да влезат во оваа комисија. Така би се запазила

и уставната рамноправност. Мислам дека ова експертската група треба да го земе предвид.

Во член 25 има предлог да се дополни ставот 1 со следниов текст: "националниот состав на инструкторите да биде усогласен со националниот состав на попишуваното население" се мисли во домен на локалната самоуправа.

Исто така интересен е и членот 46. Имам и тука забелешка каде што се регулира како се формира Комисија за заштита на личните податоци на пописот. Оваа Комисија ја именува Владата. Постои претседател и 4 членови од кои 2 се претставници од националностите најмногу застапени според последниот попис. Овде не знам на кој попис се мисли. Пописот од 1991 година не беше потполн, а знаеме зошто, а ако се мисли на пописот од 1981 година тоа е друга работа. Значи се уште не знаеме односно не е јасно на што се мисли.

И овде би се поставило прашањето за уставната рамноправност, Кои се тие две националности. Сите националности се заинтересирани за тајноста и чувањето и заштита на овие лични податоци. Според тоа, мислам дека е демократски и уставно, ако има 2, ако се предвидени нека бидат сите 5 претставници од сите националности, а вака се прави една уставна нерамноправност.

И сега нешто за членот 35 каде имаме основно и алтернативно решение. Мојата изборна база е за првото, основното решение на законот. Тоа ја регулира употребата на јазикот на кој ќе се врши пописот, па ако се оди по принцип на демократија и рамноправност како што е тука предвидено дека службен јазик е македонскиот јазик, кирилично писмо, а сите националности имаат право да се изјаснуваат на својот јазик. Затоа гласам за основното решение,алтернативата да отпадне.

Мислам дека предлагачот и експертската група овие забелешки ќе ги земе предвид за да не поднесуваме амандмани и да не се надгласуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Владимир Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Сакам на почетокот да искажам чудење за фактот дека македонските пратеници, барем оние што ги консултирав, од оваа страна (лева негова страна) барем оние што ги консултирав немаат никакви материјали претходно добиени од експертската група, а некои пратеници овде цитираа одредени предлози на таа група и верувам дека многу работи и се шпекулираа и со тоа што се искажуваше. Мислам дека тоа треба да биде една забелешка што треба да ја прифатат оние, кој што, се подразбира, службено требаше да имаат обврска пратениците рамноправно да ги запознаваат со сите околности и материјали што се во врска на одбивање на било која точка и расправа на дневниот ред.

Исто така, сакам да укажам со жалење дека и овој закон што е од национален интерес покажа дека партиите кои што учествуваат во власта, македонските партии не најдоа сили и чувство на одговорност да прифатат разговор за консензус со останатите политички партии. Ова прашање сметам дека дури излегува надвор од рамките на оние партии кои што само парламентарно учествуваат.

Овде беа искажани многу несериозни работи и многу невистини, но мислам дека правиот одговор треба да се даде по точката 48 што е предвидено да се расправа по предлогот на декларацијата за рамноправност на албанскиот народ, како што е наведено од ПДП и НДП.

IX/8.-

А дека во оваа прилика не би требало да се дава такво значење на таквите искази затоа што тоа е една стапица на која што токму пратениците на ПДП и НДП не навлекуваат да им признаеме поголема легитимност од таа што ја имаат во Македонија. Тие може да бидат само граѓани кои ќе претендираат за своите права но не можат да бидат колективен партнер во однос на она што подразбира државно творен аспект и сувереност во Македонија.

Јас би се задржал, со оглед на тоа што повеќе дискутанти отворија повеќе прашања и понудија различни одговори, да дотакнам едно прашање од подруг агол, а за тоа дали законот што треба да го донесеме е принуда од меѓународната јавност или се работи нешто друго.

Со оглед на тоа дека Република Македонија е суверена и самостојна национална држава на македонскиот народ, интересот на пошироката меѓународна јавност и спремноста на Советот на Европа да го финансира вонредниот попис, преставува поддршка и гест на пријателство спрема македонскиот народ, придонес кој во резултатите од пописот да добие иницијатива со која ќе ги консолидира некои состојби што произлегуваат од нелојалното однесување на албанското малцинства особено да се идентификува механичкиот прилив, кој во иднина мора да се сведе на статусот странци со времен престој, односно негово програмирано решавање. Затоа мора да се прифати дека донесувањето на овој закон е од национален и државен интерес и пописот треба да се реализира поитно со што ќе се разобличат сите лаги што малцинствата во Македонија ги изнесуваат за својата бројност, а особено албанското ги користи како аргумент во нивниот концепт за сепаратизам, сецесионизам односно за концепт за голема Албанија. Иако тие самите не најавија дека ќе го бојкотираат токму и овој попис, и како што можеше да се претпостави дека тие ќе бараат повторно некои причини каде што ќе бараат покритие , но овој пат веројатно и на нив им

е јасно дека ниту симпатии, ниту поддршка од пошироката ме родна јавност не може да добијат. Секако дека обрасците и употреба на јазиците на малцинствата се прашањето на кое тие ќе се концентрираат да доведат до блогирање на пописот. Бидејќи ова е во прва фаза, во оваа расправа само ќе се расправа на изнесување на ставот на партијата чии пратеник сум дека за нас е неприфатливо тоа што во член 35 е наведено во Предлогот, ниту во основното ниту во алтернативното решение, бидејќи до крај не го потенцира она што е регулирано со Уставот дека македонскиот јазик и кириличното писмо се единствен службен јазик во Република Македонија.

Ние сметаме дека во однос на употребата на јазиците што е нешто сосема друго од употреба на службен јазик во една држава како цивилизациско достигнување, тоа треба да се регулира на следниот начин. Имено, покрај образецот што е исклучиво на македонски јазик и кириличнмо писмо ќе биде на целата територија на Република Македонија, во единиците на локалната самоуправа да се отпечатат и обрасци што ќе бидат на македонски јазик =, а во заграда превод на еден од јазиците на малцинствата на кои ќе им се овозможи да се изјаснуваат на својот мајчин јазик во случај на извршувањето на пописот.

Инаку вака на крај да констатирам дека не случајно денеска исто така слушавме тврдење што поаѓа од позициите на албанскиот сепаратизам. Само не ми е јасно дали тоа заради тоа што ние така се однесуваме во парламентот и нашите македонски институции како што се однесуваат, па се случува пратеници од ПДП и НДП во настапите во странство, како што е сега случајот на Европскиот парламент да се

претставуваат како пратеници на други делегации, на други држави, или заради тоа што пак не функционира македонската правна држава, некои такви инцидентни состојби не ги контролиравме на време, па се случува, и таа немоќ што се манифестира, да се пренесува и во македонскиот парламент. Како и да е одговорноста не може да биде подеднаква. Таа пред се паѓа и на македонските партии кои учествуваат во власта и останувам со надеж дека сепак, во наредните избори и парламентот и институциите што ќе се конституираат ќе можат да ги поправат поголем дел од грешките што сега ги правиме ние, учествувајќи на некој начин и во власта и во институциите, па макар и од позиција на опозиција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам сега ние да прекинеме со работа.

Ќе продолжиме во вторник на 1 февруари во 10,оо часот.

Седницата прекина со работа во 16,30 часот.